# тишина меѓу редови

***Безбедноста на бранител(к)ите на човекови права***



# ТИШИНА МЕЃУ РЕДОВИ
*Безбедноста  на бранител(к)ите на човекови права*


**Коалиција МАРГИНИ**

**Главни истражувачки**
*Ирена Цветковиќ*
*Мања Величковска*

**Дизајн**
*Емилија Мишева*



**Скопје, 2025**



*This material is completely or partly financed by UK International Development and The Kvinna till Kvinna Foundation, that do not necessarily agree with the opinions expressed within. The authors alone are responsible for the content.*

# Содржина

ВОВЕД.....5

**1.** ИДЕНТИФИКУВАЊЕ НА АКТЕРИТЕ КОИ СЕ ТАРГЕТ НА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ И НАСИЛСТВО.....7

**1.1.** ДИСКУРЗИВНО ПОРТРЕТИРАЊЕ НА „ЗАКАНАТА“.....14

**2.** ДИСКУРЗИВНИ СТРАТЕГИИ НА ВОЗНЕМИРУВАЊЕТО И НАСИЛСТВОТО.....16

**3.** ОБЛИЦИ НА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ И НАСИЛСТВО.....26

**4.** ПОСЛЕДИЦИ ОД ВОЗНЕМИРУВАЊЕТО И НАСИЛСТВОТО.....32

**4.1.** ПРЕЛЕВАЊЕ НА ПРОФЕСИОНАЛНОТО ВО ПРИВАТНОТО.....36

**4.2.** СТЕСНУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ ЗА ПОДДРШКА И ПРИВАТНИОТ ПРОСТОР.....38

**4.3.** ИНСТИТУЦИОНАЛНО НАСИЛСТВО, НЕДОСТАТОК ОД ИНСТИТУЦИОНАЛНА И ПРОФЕСИОНАЛНА ПОДДРШКА.....40

**5.** ЕФЕКТИ И ОПШТЕСТВЕНА ФУНКЦИЈА НА ВОЗНЕМИРУВАЊЕТО И НА НАСИЛНОТО ОДНЕСУВАЊЕ.....44

**6.** ЗАРАЗНОСТА ОД ЧУВСТВОТО НАДЕЖ.....48

**7.** ПРЕПОРАКИ ЗА СТРАТЕШКО КОЛЕКТИВНО ДЕЛУВАЊЕ.....52

**7.1.** ПРЕПОРАКИ ЗА ИНСТИТУЦИИТЕ И ГРАЃАНСКОТ СЕКТОР.....53

**7.2.** ПРЕПОРАКИ ЗА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ И (НЕ)ФОРМАЛНИ КОЛЕКТИВИ КОИ СЕ ЗАНИМАВААТ СО ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИ ПРАВА.....54

**7.3.** ПРЕПОРАКИ ЗА БРАНИТЕЛ(К)ИТЕ НА ЧОВЕКОВИ ПРАВА.....55

ЗАКЛУЧНО РЕЗИМЕ.....56

# Вовед

Во последните пет години, бранител(к)ите на човековите права, особено феминистките и квир-активистите, се соочуваат со **засилено вознемирување, делегитимирање и таргетирани напади во физичките и дигиталните простори.** Овие напади не се случајни ниту изолирани; тие се дел од **пошироко реакционерно движење** кое настојува да го поткопа напредокот кон родовата еднаквост и ЛГБТИК+ правата преку напади, вознемирување и дискредитација на оние што се залагаат за овие демократски концепти. Истражувањето покажа дека вознемирувањето и насилството функционираат преку **координирани дискурзивни тактики,** кои ги прикажуваат **бранител(к)ите на човековите права како корумпирани, опасни и идеолошки екстремни агенти**, ефективно мобилизирајќи отпор против нивните иницијативи и замолчувајќи ги нивните гласови.

Со текот на годините, додека антиродовите движења добиваат сѐ поголемо политичко и општествено влијание, бранителите на човековите права сѐ почесто се таргетирани во јавниот дискурс, дигиталните простори и институциите. Овие постојани напади создаваат клима на страв, дезинформации и исклучување, што ја ослабува демократијата и заштитата на човековите права.

Овој извештај претставува обид за истражување на начинот на кој се структурираат вознемирувањето и насилството, како и за препознавање и издвојување на наративите врз кои се потпираат овие недемократски тактики и функциите што ги има овој тип однесување во служба на зајакнувањето на патријархалните, хетеронормативните и авторитарните структури на моќ.

**Негови посебни цели се:**

- Да ги идентификува и деконструира доминантните дискурзивни стратегии што се користат за вознемирување и делегитимирање на бранителите на човековите права;
- Да ги испита наративите и лингвистичките обрасци што ги позиционираат бранителите на човековите права како закана за општеството;
- Да ги анализира пошироките политички и идеолошки функции на овие напади, вклучително и нивната улога во зајакнувањето на авторитаризмот, патријархатот и хетеронормативноста;
- Да ги открие последиците од вознемирувањето врз бранителите на човековите права, како и пошироките последици од овој тип однесување врз состојбата на демократијата и човековите права.

**За постигнување на дадените цели, во истражувањето беа:**

- Избрани и анализирани 209 написи објавени од антиродовите групи во период од 13 месеци (од 1 јуни 2023 до 30 јуни 2024 г.), чија цел е директно вознемирување на конкретни бранители на човековите права и здруженија на граѓани;
- Спроведени три целни-групи со вкупно 13 испитаници, меѓу кои адвокатки и правни советнички, истражувачки, новинарки, комуникациски координаторки, како и давателки на различни услуги за жени и за ЛГБТИК+ лица итн.; и
- Спроведен Прашалник за поединци, на кој одговорија 46 испитаници/чки, чии искуства беа анализирани.

Истражувањето покажа дека вознемирувањето и насилството врз бранителите на човековите права не претставува само израз на индивидуално непријателство, туку и политичка стратегија насочена кон сузбивање на прогресивните и демократските движења. Анализата на јазикот, наративите и пошироките структури на моќ што го создаваат и одржуваат ова вознемирување ни помогна подобро да ги разбереме начините на кои антиродовите актери се мобилизираат против граѓанското општество и како можеме да им се спротивставиме.

# 1. ИДЕНТИФИКУВАЊЕ НА АКТЕРИТЕ КОИ СЕ ЦЕЛ НА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ И НАСИЛСТВО

Низ истражувањето се утврдија четири групи актери кои најчесто се цел на малтретирање и вознемирување од страна на антиродовите групи:

## *А) Бранители на човековите права и здруженија на граѓани*

Најголем дел од содржините што претставуваат форма на вознемирување и малтретирање се однесуваат на конкретни бранители/ки на човековите права и/или конкретни здруженија на граѓани, кои најчесто се занимаваат со теми поврзани со родовата еднаквост или со правата и статусот на жените и на ЛГБТИК+ луѓето.

Овие таргети речиси секогаш се претставени со име и презиме или со целосното име на здруженијата, а понекогаш и со фотографија, што дополнително го засилува ефектот на вознемирувањето. Истражувањето исто така покажа дека цел речиси никогаш не е целокупното граѓанско општество, туку само оној дел што се занимава со иницијативи за унапредување на правата на жените и ЛГБТИК+ луѓето и за промоција на родовата еднаквост како посакуван општествен концепт и цел.

**Коалиција за заштита на децата**
12 June ·

❓ Кои се Маргини и Хера?

👉 Хера е главната организација што го наметнува сеопфатното сексуално образование врз нашите деца, а е во партнерство со Меѓународната федерација за планирано родителство, организација која е формирана најпрво во САД од страна на Маргарет Сингер, со цел истребување на црнците. Во прилог, неколку цитати од основачот на Планирано родителство, кое денеска е еден од најголемиот провајдер во Америка на операции и "помош" за "промена" на полот на малолетни лица т.е. деца, абортус и неодамна ја тресеше скандал дека продава органи од бебиња:

"Постепено поттикнување, елиминирање и на крај, конечно истребување на дефектните стоки (се мисли на црнците - заб.на уред.), тој човечки какол што му се заканува на расцветувањето на најпрефинетите цвеќиња на американската цивилизација". [2]

"Најмилостивото нешто што една голема фамилија може да го направи за својот новороден член (новородено бебе - заб.на уред.) е да го УБИЕ".

👉 Маргини, пак, е коалиција на неколку организации, меѓу кои и Хера, кои се залагаат за декриминализација на дрогата, декриминализација на проституцијата, воведување на сеопфатно сексуално образование почнувајќи од градинка и легализирање на родот и родовиот идентитет. Маргини е финансирана од Фондацијата Отворено општество на Сорос за спроведување на овие агенди, со фокус на "правно признавање на родот".

‼️ Како што може да видите од скриншотот, Драгана Дрндаревска е дел од Хера и Маргини и се залага за сите овие радикални и погубни општествени "вредности". Таа минатата година беше предложена и стана дел од Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, а со која Комисија Маргини има склучено меморандум за соработка уште во февруари 2023 год.

⁉️ Комисијата е државно тело, што значи дека народот од свој џеб финансира родови активисти, за тие да му праќаат претставки и да го цензурираат секој еден од нас за нашите мислења околу ССО и ЛГБТИ+ агендатата што ја наметнуваат на децата.

‼️ Коалицијата за заштита на децата бара од Влада на Република Северна Македонија да ги раскине сите вакви

организации и државните тела, и да не дозволува веќе активисти да се инфилтрираат во истите!

🌐
https://www.zadecata.org/.../hera-i-vistinomer-povtorno...
https://fosm.mk/.../sushtinsko-zakonsko-pravo-za.../...

https://www.zadecata.org/.../hera-zadolzitelno-seopfatno...

https://www.zadecata.org/.../kakva-ironija-onie-sto-vrsat...

https://a1on.mk/.../komisijata-za-imenuvanja-i-izbori-ja.../

https://kszd.mk/.../%D0%9C%D0%B5%D0%BC%D0%BE%D1%80%D0%

Дополнително, од спроведениот прашалник за поединци на кој одговорија 46 испитанички/ци, 67% одговорија дека доживеале некаков облик на вознемирување и/или насилство поради природата на нивната работа во последните четири години, додека 32% одговориле дека немале такво искуство.

### *ИСКУСЕНО КАКОВ БИЛО ОБЛИК НА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ И/ИЛИ НАСИЛСТВО ПОРАДИ ПРИРОДАТА НА РАБОТАТА ВО ПОСЛЕДНИТЕ 4 ГОДИНИ?*




Оние кои имале искуство со вознемирување и/или насилство посочиле дека биле вознемирувани или нападнати поради нивното застапување за **ЛГБТИК+ прашања, што се истакнува како најчеста причина со 34%.** Следуваат активистите кои се занимаваат со застапување за женски права, што ја сочинува 23% од одговорите, и оние кои работат на заштита и спречување на родово засновано насилство, кои се застапени со 15%. Нешто помалку застапени се активистите што се занимаваат со трансродови прашања, со 6%, и со работа на сексуални и репродуктивни права, со 8,5%. На 4% од испитаниците им било кажано дека се вознемирувани поради застапување во случаи на семејно насилство.

Мал дел од одговорите, секој со застапеност од 2%, се однесуваат на активностите поврзани со застапување на трансродови и ЛГБТИК+ прашања, како и оние кои работат со бегалци, баратели на азил, лица без државјанство и лица под супсидијарна заштита, автори на текстови, манускрипти и колумни за сексуални и репродуктивни права. Одговорите на 4% од испитаниците покажале дека тие не биле вознемирувани или нападнати поради својата работа.

## *ОБЛИК НА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ И/ИЛИ НАСИЛСТВО ДОЖИВЕАНО ПОРАДИ ПРИРОДАТА НА РАБОТАТА*




### *Б) Политичари/ки и политички партии*

Политичарите и политичките партии се наоѓаат на второто место според зачестеноста на таргетирање за вознемирување и малтретирање. Иако се поретко таргетирани во споредба со бранителите на човековите права и здруженијата на граѓани, тие сепак претставуваат една од клучните мети на антиродовите групи.

Слично како и кај претходните актери, антиродовите групи речиси никогаш не ги напаѓаат сите политичари или политички партии, туку само оние што се прогресивни, односно оние што спровеле иницијативи за унапредување на родовата еднаквост или на правата на жените и/или заз ЛГБТИК+ лицата. Истражувањето покажа дека најсилно таргетирана политичка партија била СДСМ, а најчесто таргетирани политичари се две поранешни министерки од владата на СДСМ – Мила Царовска и Јована Тренчевска.

Антиродовите групи и во овие случаи таргетирањето го спроведуваат преку објавување имиња, презимиња и фотографии, најчесто на политичарки, а поретко на политичари. Она што е специфично е дека, додека бранителите на човековите права и здруженијата на граѓани се цел на вознемирување во текот на целата година, кај политичарите и политичките партии овие таргетирања се зголемуваат за време на изборните периоди.

**Родителски Фронт**
20 January ·

Последиците од законот за родова еднаквост на Министерот Јована Тренчевска!

https://motika.mk/i-ova-e-mozno-vo-2024-detevo-se.../...



MOTIKA.MK

**И ова е можно во 2024: Детево се идентификува како робот**

6 · 1 share

**Родителски Фронт**
28 December 2023 ·

Претседателот на Советот на Општина Богданци го става проектот за кој ќе добијат пари над интересите на нашите деца!!! #MoneyMakesTheWorldGoRound



0:03 / 0:35

**Коалиција за заштита на децата**
27 December 2023 ·

👇 При одбивање на предлог за отстранување на родовите компоненти од Програмата за еднакви можности на мажите и жените, Борис Ванчев, претседател на Советот на Општина Богданци, отворено признава две работи: дека парите за проектите му се поважни од децата, правата на жената и семејните вредности и дека "родова еднаквост" не е исто што и еднакви можности за жените и мажите.

‼️ Нè згрозува фактот што народот плаќа луѓе кои работат против волјата на народот. Вашите зборови ќе останат запаметени!

5 · 1 comment

## *В) Државни институции, со фокус на тела за еднаквост*

Институциите чиј мандат опфаќа заштита на човековите права и спречување на дискриминацијата се уште една значајна цел на антиродовите мобилизации. Истражувањето покажа дека токму Комисијата за заштита од дискриминација (понатаму: КЗД) е најсилно таргетирана институција, поради нејзината институционална одбрана во случаите на дискриминација врз основа на пол, род, сексуална ориентација и родов идентитет.

Антиродовите групи одат дотаму што директно се вмешуваат во изборот на членови на КЗД, обидувајќи се да спречат избор на кандидати со професионално искуство во борбата против дискриминацијата врз претходно наведените основи.

Други институции што биле на цел на овие групи се Собранието на Северна Македонија и одредени локални самоуправи. Овие таргетирања се однесуваат на случаи кога антиродовите групи предложиле иницијативи што не биле поддржани или кога во овие институции се одвивале настани или јавни дискусии поврзани со иницијативи за промовирање на родовата еднаквост и правата на жените и ЛГБТИК+ лицата.



**Коалиција за заштита на децата**
14 June 2023

‼️ Откако се обидоа да го протнат предлог-Законот за родова еднаквост и видоа дека не оди тоа така лесно кога народот го подига својот глас, сега повторно се обидуваат да направат измени во Законот за матична евиденција.

👇Запомнете ги имињата подолу, зашто овие лица кои се обидуваат да ја сменат реалноста и да ја воведат родовата идеологија во Македонија, се плаќани со народни пари т.е. ваши и наши пари.

👉 Овие наводно феминистки бараат правно признавање на родот и менување на ознаката за пол во официјалните документи, иако многупати слушнавме како велат дека род и пол не е едно исто - добро познато тврдење и на министерката Јованка Тренчевска.

‼️ Да потсетиме: според истите овие ликови, има безброј родови. Моменталниот наратив, со цел да го протнат овој закон, е дека бараат менување на полот/родот врз основа на пресудата од Стразбур во врска со лицето Х (девојка која се идентификува како маж), така што барањето се однесува на промена на ознаката за пол од женски во машки и од машки во женски. Но, со оглед на тоа што тие велат дека има безброј родови, што ги спречува наскоро ниту тоа да не им биде доволно и да бараат воведување на сите тие родови, како што тоа го направија во САД (покрај машки и женски пол, воведоа и пол Х)?

👉 Полот не може да се смени - научен факт!



**Коалиција за заштита на децата**
25 June 2023

‼️ ЛГБТИ+ родови активисти што се настроени против народот ги окупирале Министерство за труд и социјална политика и Министерство за култура / Ministria e Kulturës и на сомнителни невладини организации им исплаќаат милионски суми за перверзни настани во кои се навредуваат чувствата на 95% од граѓаните, додека народот ги лекува своите деца со СМС пораки. Запаметете ги ликовите на фотографиите и да излеземе сите на протест на 29. јуни во 18:00 часот пред Соборниот храм во Скопје.

👉 Прочитајте повеќе:
https://www.zadecata.org/.../ekskluzivno-irena-cvetkovik...

👇 А од Тивериопол.мк за малициозноста присутна на вчерашниот настан велат:

"За овој несреќен транспарент од невладините сатанистички организации никогаш и не очекувавме извинување (фотографија 1 од Осмомартовскиот марш) Но, очекувавме барем оградување или осуда на тој говор на омраза од владините. И се до сега ниту го чувме ниту го видовме. Напротив, ги гледаме како се гушкаат и фотографираат заедно и исплаќаат народни пари со кои се организираат "културни" настани за исмевање и подбив со најсветите чувства на овој народ изедначувајќи го христијанството со фашизам.
После вчерашната парада на срамот веќе и тоа не го очекуваме. Високи функционери на Владата гордо чекорат зад транспаренти со експлицитен говор на омраза испраќајќи му порака на општеството за нови "европски" вредности во кој планираат да го оковаат севкупниот наш живот."

Јованка Тренчевска, поздрав од страна на здраворазумието.

## Г) Медиуми

Новинари/ки и медиуми се последната група што претставува цел на вознемирување и малтретирање од страна на антиродовите групи. Исто како и во претходните случаи, не сите медиуми и новинари се таргетирани, туку исклучиво оние што известувале за теми поврзани со родовата еднаквост и со правата на жените и ЛГБТИК+ лицата од позитивен агол.

Дополнително, најчесто се таргетирани медиуми што работеле на истражувачки стории поврзани со антиродовите групи и нивните мобилизации. Истражувањето покажа дека најсилно засегнати биле два медиумски продукти – 360 степени и КОД. Токму овие два медиуми изработиле и емитувале истражувачки стории поврзани со сомнителни активности и мобилизации на антиродовите актери и групи.

Apr 14

**Реакција на непрофесионалноста и необјективноста на МРТ1, Влатко Чаловски и Васко Попетрески: ПЛАТЕНА НОВИНАРСКА ПРОПАГАНДА**




Кога Васко Попетрески и Влатко Чаловски од „360 степени“ на МРТ1 решија да ја ставаат во уста Коалицијата за заштита на децата и нејзините партнери, требаше најпрво да си измерат до каде можат да одат, за да не им се вратат нивните лаги, клевети и манипулации како бумеранг по чело. Но, не се покажаа доволно паметни за да направат таква пресметка, за што сме им длабоко благодарни, бидејќи само докажаа дека под „родова еднаквост“ не се подразбира рамноправност на мажите и жените, со што уште повеќе ја зацврстија позицијата на Коалицијата во очите на народот.

Влатко Чаловски, на 20-ти февруари снимаше интервју со Аргирета Атева која, како претставник на Коалицијата, детално ги образложи нашите ставови по однос на родовата идеологија и сеопфатното сексуално образование. Тој тврдеше дека сака да се запознае со ставовите на Коалицијата и нејзините партнери, со цел да направи објективна сторија за двете страни. Наместо тоа, гледаме дека на Чаловски и Попетрески им зеде речиси 2 месеца за да најдат начин како оние одговори од Аргирета Атева, што воопшто не им одат во прилог, да ги вклопат во нивното платено сценарио. Не им одат во прилог, зашто Чаловски најпрво се залета со прашањето - „Зошто Коалицијата е против сексуално образование?“, но откако му беше објаснето дека не сме против сексуално образование, туку против идеологиите што Хера и Маргини ги наметнуваат во тоа нивно т.н сеопфатно сексуално образование, остана со отворена уста, незнаејќи што се случува, бидејќи тој на интервјуто се појави со однапред подготвено сценарио и желба да ја „фати“ Коалицијата. Повеќе детали за тоа има на интегралното парафразирано интервју, објавено на личниот профил на Аргирета Атева.

Што се однесува до емисијата „360 степени“, да ги разгледаме небулозите што Васко Попетрески и Влатко Чаловски ги изнесоа. На самиот почеток, Попетрески тврди дека се формираат здруженија „кои се раководени или во тесна врска со Црквата“, што е безочна лага, со оглед на тоа што Коалицијата од денот на формирањето се огради и јасно прецизира дека е надпартиска, надверска и надетничка организација. Што значи тоа? Тоа значи дека без разлика дали некој е симпатизер на ВМРО, СДСМ, ДУИ, дали е христијанин, муслиман или атеист, дали е Македонец, Албанец или припаѓа на некој друг етникум, секој е добредојден во Коалицијата, бидејќи ние имаме една единствена цел: заштита на **сите** деца од родовата идеологија. Следствено, се разбира дека ќе соработуваме и со епископи од Православната Црква, и со оџи од ИВЗ, но и со атеисти, на кои им е важна објективната реалност.

Сакајќи да не` претстави како лошите вештери, Попетрески вели дека ние „вршиме притисок на локалните и централните власти“, а намерно избегнува да каже дека ЛГБТИ+ здруженијата се тие кои веќе со години вршат притисок врз властите, со тоа што формираа секакви ЛГБТ групи во парламентот и склучуваат меморандуми за соработка со министерствата, се` со цел индоктринација на нашите деца. Всушност, и самото изманипулирано излагање на Попетрески е притисок врз мозокот на граѓаните што го слушаат, за да им изврши промена на перцепцијата. Зашто, нели повеќепати повторена лага, станува вистина?!

# 1.1 ДИСКУРЗИВНО ПОРТРЕТ НА „ЗАКАНАТА“

Анализата на содржините што ги продуцираат антиродовите актери, кои претставуваат вознемирување или малтретирање, ни покажа обид за претставување на овие четири таргети како взаемно поврзани, можни и штетни. Антиродовите јавни дискурси креираат слика на антиматеријален антидемократски имагинариум, во кој четирите клучни таргети (бранителите на човекови права, политичките партии или унии, институциите на системот и медиумите) се разбрани и доживеани како вид на „инвазивна сорта“, која наводно го нарушува „природниот поредок“ на општеството и светот.

Секој од овие четири таргети игра посебна улога во замислениот екосистем, во кој „странските идеологии“ се шират како болест, задушувајќи ги таканаречените „традиционални вредности“. **Политиката и политичките системи** најчесто се прикажани како финансиери на некакви штетни агенди. Во антиродовото имагинариум, овие ентитети (најчесто претставени како моќни политички партии или сојузи, како што се ЕУ или странски амбасади) се насликани како „токсични корени“, кои „навлегуваат во институциите“, корумпирајќи ја „почвата“ (односно националните вредности, традиции и закони) одвнатре. Нивното финансирање е прикажано како извор на енергија за инвазивните сорти, поттикнувајќи го растот на „антисемејните, антинационални идеи“.

**Бранителите на човекови права и граѓанското општество се најчесто прикажани како „агресивни ластари на ова странско влијание“**, кои во антиродовото имагинариум ги задушуваат традиционалните структури (семејство, религија, нација). Како ползавци, кои можат да преземат и задушат здраво растение, бранителите на човекови права и граѓанското општество се прикажани како влијание што брзо се шири преку медиумите, образованието и активизмот, не оставајќи простор за напредување на традиционалните вредности. Нивната крајна цел, според антиродовиот наратив, е да го репрограмираат општеството преку навлегување во секоја институција.

**Локалните прогресивни политичари и политички партии се прикажани како еден вид „опрашувачи на распаѓањето“.** Тие се обоени како носители на штетни идеологии, односно нивното делување е замислено како делување на инсекти кои преку политики и закони го шират семето на „туѓите вредности“. Во антиродовото имагинариум, овие политичари, наместо да ја заштитат својата татковина, се обвинети дека им помагаат на овие „инвазивни сорти“ да процветаат, заменувајќи го националниот суверенитет со странска контрола. Со други зборови, тие се прикажани како политички паразити, кои ја немаат довербата на јавноста, но го имаат мандатот кој го трошат за да служат на странските агенди.

Конечно, **медиумите и новинар(к)ите** се претставени како **„вештачка светлина“** во овој инвазивен екосистем. Во антиродовото имагинариум, медиумите се доживуваат како лажна светлина што го храни „инвазивниот екосистем“, овозможувајќи токсичната идеологија да изгледа како природна или корисна. Според нивната логика, овие медиуми, наместо да го разоткриваат странското влијание, му даваат легитимитет, гушејќи ги гласовите кои му се спротивставуваат.

Ова дискурзивно портретирање на „заканата“ креира комплет-но лажна слика на реалноста. Се добива впечаток дека прогресивниот свет (особено се мисли на феминистките и ЛГБТИК+ активистите) е исклучително моќен и доминантен дел на општеството кој наводно раководи со политичката, економската и општествената реалност. Сепак, реалноста е сосема спротивна на ова. Бранителите на човекови права, граѓанското општество и маргинализираните заедници се ранливи, не уживаат моќ или позиции на моќ, а нивниот светоглед речиси никаде во светот не ја претставува доминантната политичка култура.

# 2. ДИСКУРЗИВНИ СТРАТЕГИИ НА ВОЗНЕМИРУВАЊЕТО И НАСИЛСТВОТО

Низ истражувањето успеавме да дефинираме четири клучни дискурзивни стратегии кои ги користат антиродовите актери во нивното вознемирување или за малтретирање.

**Морална паника и конструкција на закани**

Моралната паника претставува процес во кој одредена „состојба, епизода, личност или група на луѓе" добиваат статус на предизвикувачи на закани за општествените вредности и интереси. Преку антиродовите наративи и дискурси, тие се дефинираат како непријатели или „народни бабароги", поради што кај јавноста се создава чувство на страв и социјална анксиозност. Јавноста тогаш повикува на акција, што на крај моралната паника резултира со општествена промена, стигматизација и насилство врз лицата кои се гледаат како нејзини предизвику-вачи. Заканата секогаш предизвикува силни чувства, бидејќи се пренесува како напад врз најосетливите точки за мнозинството луѓе: децата, родителите и семејството, националниот идентитет и државата, културата, историјата, религијата и традиционалните вредности.

Во истражувањето што го спроведовме, бранителите на човекови права и дел од прогресивните политичари и новинари јавно се прикажани како закана, особено закана за децата. Преку нивното портретирање како закана се постигнува ефектот на моралната паника, изнудувајќи силна мобилизација против оваа мала и ранлива група.

Содржините објавени јавно од страна на антиродовите групи покажуваат еден стар и добро познат рецепт. Имено, во овие содржини, активизмот за родова еднаквост и човекови права е изедначен со педофилија и сексуално злоставување на деца. Во овие содржини најчесто употребувани синтагми се „насилно насочување на децата", „кастрирање на деца", „рана сексуализација на деца", „репрограмирање на детската перцепција", „педофилско намамување на деца" и слично.

На тој начин, секоја акција или иницијатива на дел од граѓанското општество добива слика на опасност за децата или жените, а бранителите на човекови права се претставуваат како сексуални первертити или педофили. Оваа дискурзивна стратегија е погубна не само за поширокиот углед на граѓанското општество, туку има директни последици врз менталното здравје на борците за човекови права.

**Коалиција за заштита на децата**
21 November 2023 ·

👉 Повторно пуштени силни ветришта за сексуализација и индоктринација на нашите деца уште од најрана возраст.

‼️ Според ССО Азбуката (ССО = сеопфатно сексуално образование) на Хера, а и според министерот Јованка Тренчевска, децата уште од градинка треба да учат дека можат да си го променат сопствениот пол и дека е нормално сексуално да експериментираат момче со момче, девојче со девојче, групно, анално, орално итн.)

https://www.zadecata.org/.../ministerot-trencevska-gi...

👇 Што сè содржи "сеопфатното сексуално образование" може да проверите на веб сајтот на Хера:

https://seksualnoobrazovanie.mk/sso-azbuka/

‼️ Родителите и наставниците до сега со илјадници потписи преку Родителски Фронт рекоа НЕ за сексуализација и индоктринација на децата, но родовите идеолози упорно тврдат дека и учениците, и родителите, и децата имаат интерес и "кристално јасна" потреба од "сеопфатно сексуално образование".

📢 Родители, застанете активно во одбрана на детската невиност. Децата треба да растат како деца, а не на 4 годишна возраст веќе да знаат да мастурбираат и да веруваат дека можат да го променат сопствениот пол. Да не дозволиме родови активисти да им ги полнат главите со промискуитет и антинаучни религиозни верувања.

https://www.zadecata.org/.../hera-masturbacija-za-deca-od...

(Истражувањето за ССО Азбука - скриншотот - го направи тимот на Преземи Одговорност)

**HERA**
2d ·

💬 „Отпорот против сеопфатното сексуално образование во најголема мера се должи на лавината дезинформации и лаги што ги слушаме и ден-денес. Но тоа воопшто не значи дека не постои интерес или, пак, потреба!"

☝️ Интерес постои и кај учениците и кај родителите и кај наставниците, а потребата од #ССОнаКлупа е кристално јасна: https://bit.ly/3BlLaeQ

▶️ Андријана Папиќ Манчева од ХЕРА

**ЛГБТ**, Албански: Komuniteti i Lesbikeve Gejve, Biseksualëve dhe Transeksualëve, Синоним: Луѓе, 1. Акроним што се однесува на лезбејки, геј, бисексуални, трансродови лица. **2. Често акронимот ги содржи и буквите И, К, А; И – интерсекс луѓе, К – квир луѓе и А – асексуални луѓе. Други категории што се издвојуваат се пансексуални, омнисексуални итн. Секоја нова буква ја означува флуидноста и безбројните категории**


за негово воведување во формалното образование ›
https://www.youtube.com/watch?v=V43U5D9qIP0
СЕОПФАТНО СЕКСУАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ
МИТОВИ И ФАКТИ - ЗОШТО Е ВАЖНО НЕГОВОТО ВОВЕДУВАЊЕ ВО УЧИЛИШТАТА?
„Амин веќе, во мое време имаше само хетеро и геј, сега има милион нови категории, сè нешто си измислуваат!“
Не се измислува ништо, само се даваат имиња на веќе постојни опции и варијанти на сексуален и родов идентитет, кои досега не биле именувани бидејќи излегуваат од бинарниот систем на вредности.
18
1 share

**Коалиција за заштита на децата**
22 November 2023 ·

‼️ Навистина не постои друг збор освен отворено да се каже дека е одвратно сето она што радикалните активисти го подготвиле за нашите деца. Преземи Одговорност уште еднаш ги предупредуваат родителите за деструктивноста и опасноста од т.н. сеопфатно сексуално образование што сакаат да го воведат во образованието. На следниов линк може да видите доста експлицитни фотографии за тоа што е вибратор, дилдо и прстен. Според подготвената ССО Азбука на Хера, нема ништо лошо во тоа децата да мастурбираат со овие секс играчки. Вие, родители, дали навистина сте пројавиле интерес за "ССО на клупа"?

https://podgovornost.livejournal.com/22697.html

**HERA**
2d ·

„Отпорот против сеопфатното сексуално образование во најголема мера се должи на лавината дезинформации и лаги што ги слушаме и ден-денес. Но тоа воопшто не значи дека не постои интерес или, пак, потреба!"

☝️ Интерес постои и кај учениците и кај родителите и кај наставниците, а потребата од #ССОнаКлупа е кристално јасна: https://bit.ly/3BlLaeQ

▶️ Андријана Папиќ Манчева од ХЕРА неодамна беше на гости кај Ване Маркоски во „Македонија наутро" за да сподели што точно младите учат преку ССО и кои се позитивните промени што го трасираат патот за негово воведување во формалното образование › https://www.youtube.com/watch?v=V43U5D9qIP0




**Мастурбација**, Албански: Masturbim, Синоним: Самозадоволување, дркање, 1. Мастурбацијата/самозадоволувањето претставува стимулирање на половите органи за да се доживее сексуално задоволство. **2. Мастурбирањето може да се врши со различни визуелни, аудитивни или тактилни техники – најчесто се користат прсти, сексуални играчки (вибратор, дилдо, прстени). Чинот на мастурбација е својствен, но не е задолжителен за секое сексуално човечко битие. Мастурбацијата не е штетна по здравјето како што порано се верувало.**

***Не, драго девојче, не е срамно девојчињата да мастурбираат. И за момчиња и за девојчиња и за сите родови идентитети, мастурбирањето е алатка што ни помага да го истражиме своето тело. Колку повеќе го знаеме нашето тело, толку сексуалните односи ќе ни причинуваат поголемо задоволство.***

14 · 5 shares

## Делегитимизација и стереотипизација

Често употребувана стратегија за вознемирување и малтрети-рање на неистомисленици е стратегијата на делегитимизирање на овие индивидуи, особено преку употреба на веќе етаблирани стереотипи или лажни етикети. Оваа дискурзивна стратегија се користи за да се поткопа кредибилитетот, интегритетот и легитимитетот на бранителите на човекови права, прикажувајќи ги како нечесни, манипулативни и финансиски мотивирани. Со врамување на активистите како луѓе на кои не треба да им се верува и како луѓе кои спроведуваат „туѓи агенди", се постигнува дискредитирање на активизмот, намалување на јавната поддршка, но и оправдување на вознемирувањето и исклучувањето на граѓанското општество од политичкиот и општествениот терен.

Делегитимизирањето функционира така што ги напаѓа истовремено и карактерот/личноста, но и мотивите на бранителите на човекови права, тврдејќи дека нивното застапување е неавтентично (продукт на странски/туѓи агенди), идеолошки екстремно или водено од скриени намери. Оваа тактика е особено ефикасна бидејќи го оттргнува вниманието од суштината на иницијативите на граѓанското општество и го насочува јавниот интерес кон конкретни личности и групи/организации кои се обвинети за наводно нанесување зло на народот.

Во овие содржини најчесто употребувани синтагми се: **„лажат и манипулираат", „контрадикторни во аргументите", „некомпетентни", „штетни антинаучни идеологии", „зад нив не стојат луѓе", „тие се само гласно малцинство"** и слично. Стереотипизацијата дополнително ја зајакнува делегитими-зацијата со тоа што на бранителите на човекови права им одредува фиксен и стабилен негативен идентитет, позиционирајќи ги како злобна елита која не ја интересираат грижите на „обичниот човек". Па така, во овие содржини често употребувани синтагми се: **„платеници", „искеширани", „личен интерес и пари", „парите им се поважни од децата"** и слично.

Претставувањето на борците за човекови права како некомпетентни и злонамерни има силни последици врз јавната перцепција на работата на здруженијата на граѓаните, но и врз личноста, јавниот углед и менталното здравје на овие индивидуи.

**Родителски Фронт**
16 December 2023 ·

Родителски Фронт и Коалиција за заштита на децата со денешнава Конференција со наслов "Радикалноста на анти-половите движења" најавува почеток на нова фаза на борбата на фронтот против родовите идеолози и нивната контрадикторна и погубна идеологија ❗
🧨 Се гледаме наскоро, на следната Конференција, а и директно на фронтот, со децата, родителите, наставниците, здраворазумните и совесни граѓани ❗
#ЗаНашитеДеца




**Коалиција за заштита на децата**
16 December 2023 ·

♀♂ Денеска во хотел Сириус во Струмица се одржа полудневна конференција за заштита на децата и општеството од родовата идеологија. На оваа конференција, прва од ваков тип, се разговараше за опасностите што ги крие правното признавање на родот, придонесот на радикалниот феминизам за распаѓање на семејството и за

✋ Конференцијата беше организирана од Коалицијата за заштита на децата и Родителски фронт, двете организации кои непоштедно се наоѓаат во први борбени редови на фронтот против родовата идеологија, а со присуство на значителен број родители, правници, доктори, наставници и претставници од општините, спремни и со капацитет да стават стоп на сите досегашни шаради.

⚖ Се отвори плодна дискусија, на која се зборуваше за деструктивноста на предлог-Законот за родова еднаквост, предлог дополнувањата на Законот за матична евиденција и сеопфатното сексуално образование.

📍 Присутните едногласно донесоа одлука дека мобилизацијата на родителите и народот воопшто треба да се врши со забрзано темпо и да има уште посилни реакции. До следната конференција!

16 1 share

**Популистичко и антидемократско врамување**

Преку употреба на оваа стратегија, антиродовите групи ги врамуваат бранителите на човекови права како угнетувачки елити кои наметнуваат непопуларни и радикални агенди врз мнозинството. На овој начин се зајакнува популистичкиот и антидемократски дискурс кој успешно понатаму се користи за мобилизација против демократски настроените иницијативи на граѓанското општество. Во срцевината на оваа стратегија лежи илузијата дека бранителите на човекови права и нивните сојузници се мала, но моќна елита која успешно работи против народот.

Фразите како **„малцинство со моќ против мнозинството", „искеширани со странски пари", „антисемејни организации", „западна агенда", „квази-демократи"** и слично ја зајакнуваат идејата дека бранителите на човекови права се ексклузивна група која насилно ги наметнува своите ставови на јавноста. Овој наратив е во синергија со екстремно десничарската популистичка реторика која движењата за правата на маргинализираните заедници ги претставува како можни елити одвоени од реалноста и од „вистинските луѓе".

Овој наратив е особено опасен затоа што ги пермутира односите на моќ, правејќи од историски маргинализираните групи и нивните сојузници – вистински угнетувачи, додека ги позиционира доминантните и привилегираните групи како жртви кои мора да ја вратат изгубената моќ и контрола.

Тврдењето дека човековите права се всушност некакви глобални „заговори за уништување на човештвото" сугерира еден вид егзистенцијална закана. Овие наративи ја поттикнуваат моралната паника и теориите на заговор кои не изостануваат во реториките на антиродовите групи.

Обвинувањата за „цензура" од страна на антиродовите актери, исто така, претставуваат дел од оваа дискурзивна стратегија. Овие обвинувања имплицираат дека бранителите на човекови права наводно ги контролираат медиумите, политичкиот дискурс и правните системи, спречувајќи неистомисленици (претставени како носители на апсолутната вистина) да зборуваат. Токму
затоа, во овој тип на содржини доста често ги среќаваме фразите како **„цензори и промотори на цензура", „заговор за уништување на човештвото",** а кога се опишуваат себеси, најчесто ја користат фразата „борци за вистината".

Преку претставување на бранителите на човекови права како елити кои спроведуваат идеолошки радикализам, а јавноста како немоќна жртва, се поттикнува незадоволство, недоверба и мобилизација против родовите и ЛГБТИК+ активисти и иницијативи. На тој начин, антиродовите групи создаваат алиби за вознемирувањето и малтретирањето под превезот на заштита на демократијата и слободата на говорот.

**Преземи Одговорност**
18 June ·

Хера, Маргини, Хелсиншки Комитет, Субверзивен фронт сега преименуван во Скопски Квир Центар, Еквалис, Акција Здруженска, Медуза, Тииит инк, и сите останати активисти за "родова еднаквост" спроведуваат само едно нешто - копирана ЛГБТИ+ агенда од Запад. Додатоците со кои самите се закитиле како борци за човекови права, не се рефлексија на нивните вистински намери.

**Коалиција Маргини / Coalition Margins**
ld ·

ата по ред Парада на гордоста/Скопје Прајд, годинава ќе се одржи на 22 јуни под
„Спектакуларно непослушни!"

ионалната мрежа против хомофобија и трансфобија вчера одржа
онференција посветена на овогодишното издание на Парадата на гордоста, чија
довна точка, како и досега, ќе биде во паркот „Жена-борец", каде во 17 часот ќе
е собирањето на учесниците, а во 19 часот по кратките поздравни говори ќе
е протестниот марш по скопските улици, според истата рута како и минатите
и ќе заврши со културно-музичката програма на стадионот на АРМ во Градскиот

рдост може да кажеме дека минатите четири Паради на гордоста поминаа во
ар ред, со максимално ниво на безбедност и со ниту еден инцидент за време на
те, освен два инциденти кои се случија по завршувањето на Парадата.
ваме дека и оваа година ќе биде обезбедено тоа ниво на безбедност, како и во
ите години. Сега се наоѓаме во една деликатна ситуација бидејќи се' уште
ално не се завршени изборите, затоа што имаше прегласување на неколку места,
вната изборна комисија се' уште не излегла со крајните резултати од изборите и
тоа се' уште немаме официјална комуникација со Министерството за внатрешни
за да ги започнеме подготовките околу Парадата на гордоста од безбедносен
Тоа ќе го сториме кога официјално ќе бидат завршени изборите, но сметам дека
а владејачка гарнитура ќе сака да покаже дека оваа држава има демократски
тети, бидејќи успешноста на една Парада на гордоста зборува токму за тоа какви
кратските капацитети на државата и колку институциите ги почитуваат правата
граѓани, па и на оние кои што не се мнозинство".

**Хелсиншки комитет за човекови права - Helsinki Committee for Hun**
5d ·

Петтата по ред Парада на гордоста/Скопје Прајд, годинава ќе се одр
под мотото „Спектакуларно непослушни!"
Националната мрежа против хомофобија и трансфобија денеска одр
прес-конференција посветена на овогодишното издание на Парадата н
чија што појдовна точка, како и досега, ќе биде во паркот „Жена-борец",
часот ќе започне собирањето на учесниците, а во 19 часот по кратките п
говори ќе започне протестниот марш по скопските улици, според истата
минатите години и ќе заврши со културно-музичката програма на стади
во Градскиот парк.
Со гордост може да кажеме дека минатите четири Паради на гордост
најдобар ред, со максимално ниво на безбедност и со ниту еден инциде
парадите, освен два инциденти кои се случија по завршувањето на Пар
„Очекуваме дека и оваа година ќе биде обезбедено тоа ниво на безбедн
минатите години. Сега се наоѓаме во една деликатна ситуација бидејќи
официјално не се завршени изборите, затоа што имаше прегласување н
места, а Државната изборна комисија се' уште не излегла со крајните ре
изборите и поради тоа се' уште немаме официјална комуникација со Ми
за внатрешни работи за да ги започнеме подготовките околу Парадата
безбедносен аспект. Тоа ќе го сториме кога официјално ќе бидат заврш
но сметам дека и новата владејачка гарнитура ќе сака да покаже дека о
има демократски капацитети, бидејќи успешноста на една Парада на го
зборува токму за тоа какви се демократските капацитети на државата и
институциите ги почитуваат правата на сите граѓани, па и на оние кои ш
мнозинство".

Jul 9, 2023

## ВИСТИНСКИТЕ АНТИДЕМОКРАТИ И АНТИФЕМИНИСТИ

Пишува: ***Горан Илиев,***
*претседател на здружението Да го зачуваме бракот и семејството*



ЛГБТ активистите, милуваат себе си да се претставуваат како напредни, прогресивни, заштитници на демократијата и женските права. Но, тие имаат една лукава стратегија, на нивните опоненти намерно да им лепат етикети, со цел народот да се сврти против нив. Така, на оние кои се противат на родовата идеологија, било тоа да се доктори, научници, борци за женски права/феминистки, верници... тие смислено ги етикетираат како антидемократи и антифеминисти. Но, ајде да погледнеме која е демократијата што овие ЛГБТ активисти ја промовираат на дело:

- Во светот, ваквите квази-демократи и заштитници на човечки права, бараат да се забрани секоја научна книга, која зборува против последиците од нивната идеологија. Ги замолчуваат или отпуштаат од работа оние кои изнесуваат научни факти, па дури и еминентни и докажани психолози, како Џордан Питерсон. Ги напаѓаат физички жените кои се борат за женските права, како Kellie-Jay Keen-Minshull. Експлицитните сексуални материјали, кои ги наметнуваат во основните училишта на мали деца без дозвола од родителите, упорно ги кријат од родителите и од јавноста.

- Во Македонија, министерката Јована Тренчевска новата верзија на предлог закон не ја објавува јавно; трибините за дебата за овој предлог закон не беа објавувани јавно и за самите дебати, тие бараа да не бидат јавно снимани и објавувани.

- ЛГБТ организациите, упорно бараат Црквата да замолчела и дека немала право таа да се меша во јавнот живот, иако Црквата се луѓето, а во Македонија тоа се барем околу 70% од населението.

- Ирена Цветковиќ на вестите на ТВ Сител инсистира дека немало потреба од дебати за предлог-законот надвор од Собранието и дека тоа ќе се решело во собраниска процедура. Од што се плаши Ирена Цветковиќ? Од мислењето на народот!?

**Употреба на мизогини, хомофобични и трансфобични етикети**

Дискурзивните стратегии кои се користат за напад и вознемирување на бранителите на човековите права во голема мера се засноваат на мизогинистички, хомофобични и трансфобични тропи. Преку овие реторики, антиродовите групи успеваат да ја искриват улогата на граѓанското општество во јавноста, погрешно да ги прикажат целите, визиите и намерите на демократските иницијативи за човекови права и на тој начин да ги зајакнат хетеронормативните и патријархалните структури на моќ. Овие наративи дополнително служат за да ги обликуваат бранителите на човекови права не само како политички противници, туку и како **„неприродни и сатански" нарушувачи на „природниот поредок".**

Па така, феминистките или бранителките на човекови права често се етикетираат како претерано наметливи, доминантни и идеолошки опседнати, зајакнувајќи ги сексистичките стереотипи кои ја поврзуваат моќта и самодовербата кај жените со екстремизам, ирационалност и опасност. Во овие содржини најчесто користени фрази за да се опишат овие активистки се **„наметливи", „форсираат агенда", „хистерични**". Но, неретко антиродовите групи едноставно избираат да им се обраќаат на овие жени јавно во машки род – министерот Царовска, директорот Цветковиќ или транс-активистките да ги именуваат со машки имиња и заменки. Особено во случаи каде се споменуваат трансродови лица, антиродовите актери инсистираат на именување со „старото име" на транс-активистките, од што последиците по менталното и физичкото здравје се алармантни.

Бранителките на човекови права дополнително се етикетирани како закана за семејствата и се обвинети дека работат во спротивност со „мајчинските инстинкти и вредности", а во корист на радикални и неприродни идеологии. Ова е особено проблематична форма на вознемирување и малтретирање, имајќи предвид дека значителен дел од бранителките на човекови права и самите се мајки.

Употребата на оваа тропа е особено подмолна затоа што не само што ги омаловажува жените, туку и ги регулира родовите улоги, зајакнувајќи ја идејата дека жените треба да бидат пасивни и аполитични, наместо гласни и ангажирани во активизам за човекови права.

ЛГБТИК+ бранител(к)ите на човекови права пак се прикажани како фундаментална закана за природата, моралот и религијата. Во овие содржини често наидувавме на фразите **„антихристијански идеолози", „сатанисти", „педофили и силувачи".** ЛГБТИК+ активистите се портретирани како еретички фигури, а нивниот активизам како отстапување од природата. На тој начин, антиродовите групи го оправдуваат исклучувањето на ЛГБТИК+ активистите,но и заедницата, од општествените и политичките токови, нивната маргинализација, па дури и прогон.

**Преземи Одговорност**
9 November 2023

Пластичен пример кога некој ќе ги измеша брзините. Транссексуалец значи дека транзитирал од еден пол во друг (што не е возможно, но заради доловување на поентата, за момент ќе прифатиме дека е така). Во случајов, за да биде транссексуалец, значи од роден со машки пол почнал да се идентификува како жена. Како може во исто време да биде и транссексуалец и женски пол? Доколку е женски пол и се идентификува како жена, тогаш не ни може да биде транссексуалец, зашто таквите ги именуваат како "цис".

Лице со женски пол има матка, јајници, XX хромозоми во секоја една клетка во телото, поширока карлицата, биолошко тело со предиспозиции за да раѓа и дои. Нешто што ниту еден маж не може да го има.

Може да се идентификувате како сакате, но нема да дозволиме да ги учите нашите деца на антинаучни идеологии и да го наметнувате тоа на сите нас како да е нормално!

Лила Милиќ

Прво сум трансексуалка/ ЖЕНСКИ ПОЛ И РОД. Второ поддршка добиваме од истомислениците, не педофилите, насилниците и убиците кој ги поддржувате вие. Трето треба да признаете дека хомофобијата и трансфобијата е пуштена на најако. Дискриминацијата од државните институции, здравствените работници, општата популација и омразата од вас не ја заборавајте. Да бројам уште или.... Вашите семејни вредности доведуваат до силување, малтретирање на




**Преземи Одговорност**
30 August 2023

Гдине Лила 😊

Научни факти:

1. Земјата е округла.
2. Маж никогаш не може да стане жена.




55 29 comments

# 3. ОБЛИЦИ НА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ И НАСИЛСТВО

Од одговорите на спроведениот прашалник за поединци за безбедноста на бранител(к)ите на човекови права и фокус-групите со засегнатите актери, можеа да се детектираат неколку облици на вознемирување и/или насилство доживеани поради природата на работа.

Најчестиот облик на вознемирување или насилство што учесниците го искусиле било онлајн вознемирување, вклучувајќи сајбер булинг и закани, со 55%. Следниот најчест облик бил вознемирување во живо, како што се зјапање, свиркање, дофрлување, пцуења и попречување на патот, со 16.7% од одговорите. Потоа, 13.3% од испитаниците споделиле дека искусиле различни тактики на заплашување, додека 5% биле цел на правни закани и правни акции против нив. 3.3% одговориле дека искусиле доксинг, односно јавни објави на нивни приватни информации, а исто толку (3.3%) изјавиле дека биле демнеени. 1.7% одговориле дека не им се случило вознемирување или насилство во последните години, додека исто толку (1.7%) пријавиле поблаги форми на вознемирување, како што е говор на омраза и недоверба кон нивните застапнички активности.

### *ОБЛИК НА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ И/ИЛИ НАСИЛСТВО ДОЖИВЕАНО ПОРАДИ ПРИРОДАТА НА РАБОТАТА*



Очекувано, нивото на изложеност или „истуреност“ на одредени бранител(к) и на човекови права во јавноста и јавниот дискурс е пропорционално со интензитетот и формата на вознемирување и насилство што го доживеале.

**Интензитетот и формите** на вознемирување и насилство што бранител(к)ите на човекови права ги доживеале зависат од неколку **фактори**: (1) нивото на изложеност или „истуреност“ во јавноста и јавниот дискурс, (2) природата на нивната работа (како адвокат(к)и, правни советници, психолози, други даватели на услуги, истражувачи, новинари, професори итн.), (3) работната позиција што ја имаат во рамките на одредена организација или како поединци, но и (4) освестеноста за својата улога како бранител(к)и на човекови права.

Од низата одговори и раскажани искуства преку прашалникот за поединци и фокус-групите, овде можеме да разликуваме **седум категории на вознемирување и насилство.**

Бранител(к)ите на човекови права доживуваат **поблаги облици на вознемирување** и **насилств**о во рамките на самите застапувачки активности. Преку самиот контакт и остварувањето на разговори со несензитивната работна околина, неразбирањето од нивните колеги и конкретно односот на институциите кон нив, исполнет со недоверба или скепса, тие се цел на низа вознемирувачки релации во кои се провлекуваат и други општествени односи на негрижа.

*„Да, коментари во инбокс, ама најчесто се од типот дека ги лажам жените и девојките, дека тоа не е така, дека спроведувам некоја агенда, дека некој ме плаќа, земам пари од таму. Меѓутоа, еве јас, сум добила (коментари) и од колешки од секторот, кога сум зборела за тоа дека нема женска солидарност или дека нема доволно солидарност меѓу активистките. Тука од колешки од организација сум добила коментари и забелешки. Као не знаеш што збориш, па иаме солидарност, не е дека немаме, и нешто у тој стил на знаеш ли ти што збориш. Добив такви коментари од типот - дали ти воопшто знаеш што збориш, има солидарност. (...) Па да кажеме, ете, се чувствував и така малку вознемирена.“ (код: НИ001, истражувачка, јануари 2025)*

*„Почнав да развивам уплав кога ќе видев дека ќе стигне порака во осум вечер, или за викенд, во Вибер групата. Телесно осеќав дека ме фаќа паника, кога ќе видам дека доаѓа порака во сабота попладне, во Вибер групата кога некој лефтерно дома си седи си скрола. Тоа ме вадеше од колосек. Иако ја не ги отворав за викенд, сепак тоа што знаеш дека се тука тие информации, на дофат, на прсти, мене ми праеше неубаво тие два денови кога ти би требало да издишеш од тие работи и од понеделник да се вратиш на истото. Неам одговор на ова, но мислам дека она што фали е малце поголема обѕирност меѓу самите вработени во организацијата.“ (код: БЧП005, борка за човекови права, јануари 2025)*

*„Фали заедница. Јас ниту еднаш во моите шест и пол години немав, и тоа тука зборам за малку подолгорочно, не вака ад-хок, еднаш ќе го направиме маубетот, а ти цело време работиш со тие прашања. Не се зборува за работите, повторно поради тој преголем workload што го има секој од вработените. Не се зборува за работите, и кога се зборуваат работите и кога излегуваат од вас прво се уважува туѓата реалност, ти се издишуваш можеби и некако се билда тоа чувство дека заедно ги делиме овие работи. Дека не ме засегаат само мене зашто сум во организацијата, туку треба сите да нè засегаат. Или, у најмала рака мојот колега којшто може не е толку изложен на овие работи пошто работи во администрација да е малку осетлив, потрпелив, обѕирен кога има некои ситуации. Имам чувство дека во организацијата кога имаш луѓе во различни универзуми што живеат. Ти чадиш и не можеш да се смириш, ја плачев на едно од тие видеа, телото не можеше да ми издржи да прима толку гнасотии, а онда имаш ти тројца вработени кои мува не ги лази, коишто имаат по 45 минути пауза пошто они може комотно да го пијат кафето, а тебе ни до ве-це не ти се иде. Во заедница ударите може да се амортизираат и товарот да се сподели. И, на крајот на краиштата може да се зборува за решенија за тоа како таа средина може да ни биде малце поудобна и да ни биде полесно да егзистираме во тие услови по 8-9 саати во денот.“ (код: БЧП005, борка за човекови права, јануари 2025)*

Честопати, бранител(к)ите на човекови права се **посредно вознемирувани,** добиваат закани и се таргетирани преку пријатели, роднини и соработници, преку што им се врши притисок и заплашување, што резултира со дополнителна изолација и емотивен товар.

*„Имав последици, страв. Го имав тоа кога бев демнета поврзано со случај. Кажува (сторител) на снимка како сум облечена, кај пазарам, кај купувам, со кој пијам кафе - и разбирам дека знае сè за мене. Тоа беше језиво и уште ми се провлекува стравот и погледнувам лево-десно да не го загледам. И уште да знае буквално каде сум пазарела и каде пијам кафе, па и да отиде каде сум била со другарката на ручек за да ѝ понуди пари да сум се тргнела од случајот. До ден дене ми се провлекува тој страв. Со метак во чело ќе шетав. Од кај да знам. Некој таков утре ќе се појави. Стравот ми се провлекува зашто сега сторителите се дигнати на нозе.“ (код: АПС003, адвокатка, јануари 2025)*

Кога вознемирувањето и насилството се одвиваат **онлајн** (на социјалните мрежи и во медиумите), во споделените искуства има случаи на **сајбер буллинг, навреди, говор на омраза и доксинг** (јавно споделување на приватни информации за уцена или изнуда), што претставува сериозен проблем, особено кај оние што се појавуваат како автор(к)и на одредени научни

студии и различни објави во медиумите кои имаат врска со род, родова еднаквост и различност. Целта на овој тип онлајн вознемирување и насилство е етикетирање, дискредитација и таргетирање на лично и организациско ниво.

*„Сум добивала коментари во инбокс најчесто, на Фејсбук. Инаку, за среќа јас немам Твитер, ама знам дека во многу наврати, особено кога беше тие година дека активна Јавна соба, имаше на Твитер неколку мои другарки коишто се активни, коишто ми споделуваат скриншоти од луѓе кои пишуваат за мене, и дури и споделуваат слики. Испадна после дека имало и некои активисти на Левица и слично, нејсе. Покрај тоа што бев свесна во тој момент и веќе годините работа во активизам си го прават своето, дека станувате до некаде имуни, меѓутоа има некои моменти кога не може да не ве допре. Се најдов многу пати во ситуација кога јас ги смирував моите другарки, пошто тие беа повеќе затекнати и погодени за мене, како може некој да пишува вакво нешто за тебе, од мојот изглед, до мојата сексуална ориентација, и што сѐ не. Се најдов себеси да ги смирувам нив и да им кажам да не обрнуваат внимание, и дека е тоа дел од работата, како и да звучи тоа. Свесни сме дека кога сме изложени и застапуваме за нешто дека тоа може да има негативни реакции, и покрај тоа што дел од работата и не треба да биде баш така, односно баш така ние да ја разбираме секогаш.“ (код: НИ002, истражувачка, јануари 2025)*

Учесниците пријавуваат различни форми на непријателски и вознемирувачки искуства **во живо**, и тоа во јавниот простор, вклучително и во јавни институции, како што се: **зјапање, коментирање, свиркање, дофрлување, пцуење, попречување на патот, но и активно игнорирање, избегнување и изолирање** поради природата на нивната работа, како и институционално игнорирање и оневозможување на пристапот до одредени услуги и отежнување на извршувањето на нивната работа при застапувањето на клиенти.

*„Треба да го отвориме и прашањето околу судскиот ходник. Таму е со буткање, со бутање во фаца, со туркање.“ (код: АПС001, адвокатка и правна советничка, јануари 2025)*

*„Почнува од ходникот, па во судница. Значи целата борба почнува од таму. Пред судница почнува расправијата, колега ми се обраќа со расправија некоја, па сторителот се пуфка нешто, па во судница она само сака намерно да бутка предмети и да избоксува семејно насилство кај што нема насилство како да немало семејно насилство. Па ако ве викнам вас тоа ќе биде... Вербално си нападнат најмногу од колеги и колешки. Ми викаат - не може секаде ти да имаш врски. И пред судница и во судница. Нема разлика во мажи и жени во тој аспект. Моментот е дека ние ги застапуваме човековите права и тоа е тоа.“ (код: АПС003, адвокатка, јануари 2025)*

*„Има и судии што имаат непријателски однос. Се осеќаат дали дека ќе ја оценуваме нивната работа. Дај ми известување! (викаат). Да, секако ќе ти доставам известување ама односот не треба да е дај ми известување! И јас сум тука еднаква. (...) Најчесто ми се има случувано од адвокати најчесто, кога одиме на мониторинг на некое судење и ако има некој побитен сторител адвокатите ми се пуштаат - кои сте вие, што барате вие, па зашто вие вака. Те напаѓа и со викање и со сè. Сака да те заплаши, зашто си ти тука. Му се објаснуваш ти него зашто ја тука.“ (код: АПС002, адвокатка и правна советничка, јануари 2025)*

*„Те гледаат цело време како некој еве тука за човекови права, родови прашања. На пример кога во постапки за трговија со луѓе или семејно насилство ја потенцирам родовата перспектива на кривичното дело или тоа што се случило. Во судница и од обвинети и од адвокати и од судии гледаш како превртуваат очи. Буквално не се воздржуваат да искоментираат и тоа создава една непријателска атмосфера додека ти работиш на тој предмет. Дури некогаш кога дискутирам нешто судијата ме опоменува мене како ја да немам право да кажам, без да земе предвид дека јас во таа судница претходно не сум имала право да кажам зашто сум била буквално булирана од колеги, од обвинети, од обвинители, од другата страна. Редовно, валда и ме препознаваат по пресудите од Европски суд што ги имам добиено или телевизија. Влегуваш и од врата те гледаат како еве сега оваа ќе збори за транс, за родова еднаквост. Осеќаш непреијателски однос од полицаецот на врата долу до горе. (...) “ (код: АПС005, адвокатка и правна советничка, јануари 2025)*

Испитаниците/чките посочуваат и на **економско насилство**, кое се остварува преку финансиски и институционални притисоци, како еден вид системско попречување на нивната работа преку правни закани, административни пречки, финансиски санкции, тужби, нудење мито и слично.

*„Директори, двајца, познати во јавност, на телефон ми викаат кажи колку треба да ти платиме. Јас им викам колку поише ми нудиш толку поише ќе се осилувам.“ (код: АПС003, адвокатка, јануари 2025)*

Учесниците споменуваат директни и индиректни **закани и заплашувањ**е за физички напад, сексуален напад и силување, правни закани и преземање правни акции, особено преку телефон, на социјалните мрежи, но и во живо на работното место и на локациите каде што најчесто се движат (маркети, ресторани, кафулиња). Има случаи во кои луѓето се чувствуваат небезбедно во сопствените домови или работни простори поради закани од сторители на насилство.

*„Порано кога пишував текстови за XXX, редовно од три инстанци директори на ЦСР и ДИК ѝ се обраќаа со писмен доказ на XXX за да бараат суспензија за мене зашто сум направил кривично дело што сум ги именувал. Не бев суспензиран, но ако беше друг директор може и ќе кажеше да суспендиран си.“ (код: АПС004, правен советник и истражувач, јануари 2025)*

Иако директното **физичко насилство** не е најчесто споменувано, има искази кои посочуваат на демнење, вербални и физички закани, закани за напад со огнено оружје и насилни конфронтации на јавни места и работни средини, што нè принудува да го третираме физичкото насилство како насилство од висок ризик.

*„Сме имале секакви случаи. На пример, ни доаѓаше еден татко на жртва и со пиштол седеше. Викаше дека има пиштол, ние не знаевме. Во моментов не знаевме што може да се случи, кој можем да нè заштити, тоа беше и после работно време. И, знаеш дека никој нема да дојде во секундата. Тој ако сака нешто да ти направи - ќе ти направи. Мене лично не ми влијаеше тоа да се откажам, ама има луѓе не кои така ќе им влијае.“ (код: АПС002, адвокатка и правна советничка, јануари 2025)*

Дополнително, феноменот на „неидентификација“ игра клучна улога во тоа како бранител(к)ите ги дефинираат вознемирувачките и насилни облици, бидејќи некои испитаници/чки не се гледаат како активист(к)и или „дел од борбата“, особено ако не работат директно со клиенти или „на терен“. Ова влијае на нивното разбирање на сопствениот професионален придонес, при што некои ја перципираат својата работа како нешто одвоено или дури над активизмот. Дополнително, дел од нив сметаат дека активизмот мора да биде професионализиран или „кариеризиран“ за да биде легитимен. Затоа, истражувањето препорачува изработка на протокол за заштита на бранител(к)ите на човекови права, вклучувајќи и оние што не се свесни за својата улога во оваа борба.

# 4. ПОСЛЕДИЦИ ОД ВОЗНЕМИРУВАЊЕТО И НАСИЛСТВОТО

Од одговорите на прашалникот за поединци, може да се увиди дека, во последните четири години, повеќето од учесниците во истражувањето доживеале стрес, предизвикан од **намален фокус и потешкотии во завршувањето на работните обврски**, што го истакнале 46% од одговорите. Ова влијаело сериозно на нивната работна способност. Следен по застапеност е одговорот „Сакам да променам работа“, кој бил посочен од 19% од учесниците. Овој процент укажува на тоа дека значителен број луѓе се чувствуваат **незадоволни** со својата работа и сакаат да ја променат. 11.5% од испитаниците посочиле дека не сакаат да продолжат да се занимаваат со својата професија и имаат желба да ја променат. Овој одговор, исто така, ја отсликува состојбата на **фрустрација** и **разочарување** во однос на нивната сегашна работа. 13.46% од учесниците нагласиле дека **имаат потреба од дополнителни безбедносни мерки** на работното место, што покажува колку голема е потребата за зголемена заштита и сигурност на работното место, особено во контекст на вознемирување и насилство. Некои учесници (3.85%) избрале да ја променат својата работа или професија како директен одговор на негативните ефекти од вознемирувањето, додека ист процент (3.85%) одговориле дека **меѓучовечките односи на работа им се нарушени** поради овие тоа. Мал број на испитаници (1.92%) одговориле дека вознемирувањето не им имало негативен ефект, или пак дека не влијаело на нивната работа.

Последиците од вознемирувањето и насилството во последните четири години се манифестираат најчесто преку **психичка болка** (36,36%), зголемена **грижа** за безбедноста (31,81%) и **анксиозност** (27,27%). 25,45% од испитаниците спомнуваат **автоцензура**, а 21,82% се чувствуваат **недоверба** во луѓето. **Намалено внимание** во професионалниот и приватниот живот се јавува кај 16,36%, а 9,09% се соочуваат со депресија. Некои исто така се изразуваат за **финансиски товар** (4,55%) и **страв** (2,27%). Исто така, дел од нив губат **верба во институциите** (2,27%).

Овие проценти ја истакнуваат сериозноста на влијанието што вознемирувањето и насилството може да го имаат на работната ефективност, како и на желбата на луѓето за промени во нивната работа и потребата од дополнителна сигурност на нивните работни места.

Од севкупните податоци и раскажани искуства добиени од прашалникот за поединци и фокус групите, можеше да се согледа дека директните последици од облиците на вознемирување и насилство кои борките за човекови права – адвокатки, правни советнички, новинарки, истражувачки – ги искусуваат, може да се групираат во три различни категории, како: психички/емоционални,

физички и социјални последици.

**Психички/емоционални последици**

Од примарните и секундарните извори на податоци може да се заклучи дека испитаничките/ците секојдневно се соочуваат со сериозни психички и емоционални последици како резултат на постојаните притисоци, закани и дискредитации.

Постојаната изложеност на говор на омраза, навреди и лични напади доведува до хроничен страв, анксиозност и, во многу случаи, **посттрауматско стресно нарушување (PTSD).** Чувството на небезбедност е постојано присутно, а заканите, особено оние што доаѓаат од анонимни извори или организирани онлајн кампањи, создаваат дополнителен психички товар.

Покрај стравот, често се јавува и **чувство на беспомошност и немоќ.** И покрај вложените години во борбата за правда и човекови права, нефункционалноста на системот и постојаното назадување ја зголемуваат **фрустрацијата**. Нивната работа неретко се сведува на постојана борба со отпорни институции, а отсуството на конкретни резултати предизвикува длабока обесхрабреност и емоционална парализа.

Постојаните разочарувања доведуваат до **губење** (на едвај постоечката) **доверба во системот и засилено чувство на неправда**. Гледајќи како нивните напори остануваат неуспешни или бавно се реализираат, многу од нив ја губат мотивацијата да продолжат. Ова дополнително се влошува со недоволната поддршка од заедницата и сојузниците, што создава **чувство на изолација и напуштеност.**

Заканите не се само професионални – тие често се и лични. Голем дел од овие борки/ци се чувствуваат како **директни мети на напад**, особено од екстремната десница или поединци што се противат на нивната работа. Политичките промени, кои можат да ги избришат сите досегашни достигнувања, создаваат уште поголем страв, бидејќи секој нивен успех може да биде поништен преку едноставни и брзи правни и политички одлуки.

На крајот, најголемата психичка последица е **губењето на надежта** и **исцрпеноста** што доаѓа со неа. Почувствувајќи дека нивната борба можеби е залудна, многу од нив доживуваат burnout – состојба на длабока емоционална и психичка исцрпеност, поради која им станува сè потешко да ја продолжат својата мисија.

Овие последици не се само индивидуални – тие оставаат долгорочни траги врз општеството, бидејќи ја намалуваат енергијата и мотивацијата на оние што се на првата линија на борбата за човекови права.

**Физички последици**

Постојаниот стрес и притисок што го искусуваат борките за човекови права не остануваат само на психолошко и емоционално ниво – тие се манифестираат и преку сериозни физички последици кои го загрозуваат нивното здравје и секојдневно функционирање.

**Физичката прегореност (*burnout*)** е една од најчестите последици што се јавува кај испитаничките/ците. Постојаниот напор, без доволно одмор и поддршка, доведува до хроничен замор, намалена концентрација и потешкотии во донесувањето одлуки. Дури и наједноставните задачи стануваат товар, а способноста за критичко размислување и решавање на проблеми слабее.

Постојаната изложеност на **стрес** предизвикува психосоматски симптоми, како што се главоболки, дигестивни проблеми, зголемен крвен притисок и срцеви палпитации. Овие симптоми често се занемаруваат или се третираат како минливи, но со текот на времето можат да доведат до сериозни здравствени компликации.

> *„Во ситуација сум каде потешко комуницирам, иако делумно сум вклучена и сакам да сум вклучена во развивање на стратегиите како дел од еден поширок тим за едно системско справување со проблемот. Тука се гледам и во иднина сакам да се посветам, отколку дневна комуникација со жртвите, зашто веќе чувствувам психо-соматски реакции во слушање на приказни и тоа во комуникација со психолог/психијатар знам дека е секундарна виктимација на професионалци коишто постојано зборуваат дека е тоа реално и го препознаваат како состојба, поради што морам да се повлечам од тоа, што не значи повлекување од прашањето за работа на подобрување на состојбата во општеството.“ (код: АПС005, адвокатка и правна советничка, јануари 2025)*

Дополнително, кај многу од овие жени се појавуваат **кожни осипи, алергии и други физички реакции,** кои се директно поврзани со **хроничниот стрес и постојаното чувство на вознемиреност.** Овие состојби се влошуваат со текот на времето, особено ако нема доволно простор за одмор и регенерација.

> *„Дали на ментално, дали на физичко ниво. Чирови ми излегуваат на фаца, буквално, од насилство кое се случи во канцеларија, на вработена.“ (код: АПС003, адвокатка, јануари 2025)*

Една од најзначајните физички последици е **нарушениот сон.** Несоницата станува секојдневна реалност за многу борки за човекови права, бидејќи грижите, стравовите и постојаните закани не им дозволуваат да се релаксираат. Ова доведува до продолжена исцрпеност, намалена енергија и општо влошување на нивната способност за справување со предизвиците.

Овие физички последици не само што влијаат на личното здравје на жените кои се борат за правда, туку ја намалуваат и нивната способност да продолжат со

својата работа. Без соодветна поддршка и механизми за заштита, последиците стануваат уште подлабоки, оставајќи долгорочни траги врз нивното целокупно благосостојба.

### Социјални последици

Последно, нападите врз борките за човекови права имаат сериозно влијание врз нивниот социјален живот и општествената динамика во која тие учествуваат.

Една од најчестите последици е **ограничувањето на јавната активност.** Многу активистки, новинарки и адвокатки се принудени да се повлечат од социјалните мрежи и јавните простори, било поради постојаните напади или како лична одлука за заштита на сопствената безбедност. Во некои случаи, ова значи и повлекување од јавните настани и медиумските настапи, што дополнително ја ослабува нивната можност за јавно дејствување.

Покрај директното насилство, овие жени често се соочуваат со секундарна **виктимизација и траума.** Наместо поддршка, тие често се дискредитирани и напаѓани дури и од институциите кои треба да ги заштитат. Нападите врз нивниот углед и работа создаваат чувство на неправда и деморализација, правејќи ја борбата уште потешка.

Како резултат на ова, многу од нив се соочуваат со **осаменост и изолација.** Непрестајните јавни напади и навреди водат до повлекување не само од професионалниот, туку и од личниот социјален живот. Дел од нив се дистанцираат дури и од пријатели и семејството, било поради страв да не ги изложат и нив на ризик, било поради чувството дека не можат да ја споделат својата траума со другите.

Дополнително, **намалената приватност** е еден од најтешките удари за овие жени. Тие често стануваат цел на координирани кампањи на следење, етикетирање и јавни закани. Објавувањето на нивните лични податоци (doxxing), следењето на нивните активности и дури и директните закани кон нивните семејства создаваат чувство на постојана ранливост.

Овие закани имаат и **финансиски последици**. Поради недостаток на институционални механизми за заштита, многу од нив се принудени сами да ги покриваат трошоците за долготрајна психолошка поддршка, дополнителни безбедносни мерки или правна заштита. Ова го отежнува нивното секојдневно функционирање и создава финансиски товар кој не секогаш можат да го издржат.

На крајот, овие околности често ги принудуваат да го **редефинираат начинот на својот активизам**. Наместо директни акции на терен, многу од нив избираат да се посветат на пишување, анализа и јавен дискурс, како побезбедна алтернатива. Ова го намалува нивното физичко присуство во јавниот простор, но истовремено остава простор за поинаков вид на влијание.

Сите овие последици имаат поширок ефект врз целото општество – тие создаваат култура на страв и самоцензура, спречувајќи ги оние што се борат за човекови права да ја вршат својата работа безбедно.

# 4.1 ПРЕЛЕВАЊЕ НА ПРОФЕСИОНАЛНОТО ВО ПРИВАТНОТО

За бранителите на човековите права, како специфичен проблем се појавува неможноста за одржување на јасна граница меѓу професионалниот и приватниот живот претставува сериозен предизвик, а често е и **невозможно.**

Оваа тешкотија произлегува од нивната длабока лична **поврзаност со вредностите** за кои се залагаат. За разлика од многу други работни полиња на делување, активизмот поврзан со застапувањето за човекои права за нив не е само работа – тој е неразделен дел од нивниот личен и морален компас. Нивните приватни и професионални цели често се преклопуваат, што доведува до постојана „вклученост“, ентузијазам и страст за правда. Иако оваа посветеност им дава мотивација и енергија, таа истовремено предизвикува и психичка исцрпеност.

Нивната **засегнатост со визијата и мисијата** на работата не е површна или наметната, како што може да биде во корпоративниот сектор, каде личниот идентитет на работникот (одозгора) се интегрира во целите на компанијата додека е тој алиениран и отуѓен од самиот производ или услуга. Наместо тоа, кај активистите оваа посветеност е автентична и постојана, што ја прави границата меѓу професионалното и личното уште подифузна.

Дополнителен фактор е **постојаната изложеност на информации** и комуникација преку социјалните мрежи, што создава чувство на анксиозност дека во секој момент нешто значајно ќе ги начека од некаде. Испитаниците/чките често наведуваат дека не гледаат начин како да престанат со работа, бидејќи темите со кои се занимаваат се присутни во нивното секојдневие.

Покрај тоа, работата со жртви на насилство носи огромен **емоционален товар.** Дел од испитаниците/чките истакнуваат дека им биле потребни години искуство за да научат како да прават разлика меѓу сочувствување и подведливост и прекумерно емотивно вложување. На почетоците од работата како бранител(к)и, тие пристапувале со целосна предаденост на секој случај, што брзо довело до исцрпеност. Високиот степен на идентификација со жртвите ги прави особено ранливи, особено жените активистки, во кои честопати се гледани како подостапни, погрижливи и одговорни за сите системски исходи, што дополнително го зголемува нивниот товар.

*„Јас сум била човек на кој све му било измешано, 24 часа сум била адвокат, некој којшто помага на луѓето. Има луѓе на кои работата им е од 9 до 5 и не биле доведени во ситуација да размислуваат на приватно-професионално, па да ја имаат таа борба низ која сум поминала јас. После 20 години, јас уште не можам да кажам дека е тоа јасна граница. Не ни сакам така целосно да се поделам, тоа е процес кој траел долго време и во последно време тоа е нешто што мислам дека е потребно. Сфаќам дека кога зборам со жртви, валда е тоа некое PTSD и добивам силни симптоми кои мене ми прават да не ми е добро. Така, со текот на времето решив да се дистанцирам од тие случаи и ги препраќам кај колеги, за едноставно да не комуницирам со жртви затоа што нит сум за себе добра, нит сум за нив добра. Не можам да помогнам ако јас сум целата вознемирена од ситуацијата.“ (код: АПС005, адвокатка и правна советничка, јануари 2025)*

# 4.2 СТЕСНУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ ЗА ПОДДРШКА И ПРИВАТНИОТ ПРОСТОР

Како втор специфичен проблем во овој дел мора да се истакне и фактот дека природата на активистичката работа често доведува до постепено намалување на социјалниот круг и просторите за поддршка. Многу активисти се соочуваат со губење на пријателства со луѓе кои не ги делат нивните вредности, оддалечување од семејството, па дури и затворање во изолација.

Проблемот не е само во физичката изолација, туку и во неможноста за целосно доверување на блиските. Иако тие можат да понудат емотивна поддршка, честопати не можат вистински да го разберат товарот на работата и секојдневните предизвици со кои се соочуваат активистите. Како резултат, многумина се повлекуваат во кругови на истомисленици, но и таму поддршката не е секогаш доволна, па дури ни присутна во рамките на граѓанскиот сектор. Овој процес доведува до постепено повлекување и намалување на присуството во онлајн просторот, што дополнително ја зголемува изолацијата.

Испитаниците сведочат дека оваа изолација има сериозно влијание врз нивното ментално и физичко здравје:

> *„Со тоа што сум се профилирала за работа на овие прашања, практично сум изгубила голем дел од луѓето кои сум мислела дека ми се блиски. Само сум го видела видела вистинското лице и сум видела дека таму не можам да барам поддршка, што значи дека од друга страна ми се стеснил кругот на социјална поддршка надвор од работа. Тоа е тажничко малку зашто нели сакам да разграничам професионално и приватно, а во приватниот свет ми се стеснило тоа поле на поддршка и некако некогаш све ми се сведува на луѓе од работа. Сфатив дека дури и кога излегувам надвор - излегувам со колеги од работа и колку и да се трудиш да не збориш за работа уствари цело време збориш за работа. Тоа резултираше со неизлегување, што е уствари изолирање и друг екстрем. (...) И да, тие мали кругови на поддршка што останале во приватниот и професионалниот живот ги хранам, да речам, ги експлоатирам колку што може. Ама, сфаќам дека сè помалку луѓе имам околу себе.“ (код: АПС005, адвокатка и правна советничка, јануари 2025)*

Дополнителен предизвик е губењето на долгогодишни пријателства, особено со луѓе кои не се дел од истата професионална средина.

*„Сакав да се надоврзам во однос на муабетот за тоа дека треба да излеземе од таа средина и да комуницираме со други луѓе. Јас го имав спротивното искуство. Пријатели, пријателки кои не се поврзани со работата што ја работам - го прекинаа пријателството со мене, овде во Струмица. И тоа долгогодишни пријатели. И се чувствував сама, се чувствував осамена, освен нели со колешки, ние сме мала организација коишто работиме сè и сешто - и комуникации и сè. Се чувствуваш осамен. Луѓето кои си ги сакал, си мислел дека ти се блиски одеднашка ја прекинуваат комуникацијата со тебе и не може да се не се осеќаш осамен, оставен.“ (код: БЧП005, борка за човекови права/активистка, јануари 2025)*

Оваа изолација создава дополнителен притисок врз активистите, бидејќи им станува сè потешко да најдат простор за одмор и емоционално ресетирање. Со текот на времето, дури и најблиските кругови на поддршка стануваат ограничени, што ја засилува чувството на осаменост и го отежнува одржувањето на минимум рамнотежа помеѓу професионалниот и приватниот живот.

# 4.3 ИНСТИТУЦИОНАЛНО НАСИЛСТВО, НЕДОСТАТОК ОДИНСТИТУЦИОНАЛНА И ПРОФЕСИОНАЛНА ПОДДРШКА

Како последен специфичен проблем се издвојува непостоечката институционална и професионална поддршка на активистите. Безбедносните проблеми кои испитаниците ги искусуваат не се само поединечни, туку се и производ на системски недостатоци и структурни неправилности кои ги остават без заштита и со ограничени ресурси, сами да се справуваат со нивните обврски и менталното здравје.

Така, **адвокатките и правните советнички** се соочуваат со сериозен недостиг од заштитни механизми кои би им овозможиле сигурност во нивната работа. Адвокатската комора во многу случаи не обезбедува соодветна поддршка, ниту пак има развиено механизми за заштита на правните застапнички, освен ограничена етичка регулатива која не се однесува на нивната безбедност. Повеќето правни застапнички/ци се принудени да се борат со институциите, како судовите, обвинителствата и полицијата, без никаква институционална поддршка или грижа за условите во кои секојдневно работат.

Надвор од комората, адвокатите се често потценувани и подложни на омаловажување и деградирање. Во нивната работа со клиентите, тие се наметнати да вложуваат голема енергија за да ги обезбедат своите права и правата на своите клиенти, честопати со дополнителен работен товар. Често се соочуваат со затворени врати и нивните ингеренции постојано се оспорувани од службениците, што резултира со неможност да ја извршуваат својата работа како што треба.

Покрај тоа, институционалниот притисок се зголемува кога се соочуваат со ситуација во која треба да употребат закани или да се надгласуваат за да ги спроведат основните процедури и права на своите клиенти. Сето ова создава голем стрес и влијае на нивното психо-физичко здравје. Кога ќе се додаде фактот дека нивната професија е со висок степен на изложеност на ризици и конфликти, станува јасно дека институционалната заштита за нив е крајно недоволна.

*„Адвокатска комора за колега што ми правеше проблем, не знам дали е казнет или не, гледам не пишува ништо во последно време, нема ништо (направено). Пуштив ургенција и ми се налутија. Која сум јас да пуштам. Цели имиња имаше (тој) пишано таму на Фејсбук, и на тоа не изреагира Комората, а не па за колега. (...) Комората последно ме одбива и вели дека сум можела да го тужам за клевета и навреда, за Фејсбук последното што беше.“ (код: АПС003, адвокатка, јануари 2025)*

*„Ние сме во многу лоша ситуација. Јас треба да пријавам, бидејќи немам лиценца во моментов, како трето лице, и надвор од комората треба да најмам адвокат. Ниту има логика, ниту има смисла. Не може сега јас странка да бидам, да ја добивам информацијата од трета страна.“ (код: АПС001, адвокатка и правна советничка, јануари*

Активистките кои работат во различни граѓански организации се соочуваат со значителен недостиг на поддршка, како од институциите, така и од колегите од нивните организации. Иако тие се обидуваат да работат на важни социјални прашања, честопати се оставени без поддршка, особено ако нивните цели не се совпаѓаат со интересите на нивните организации или донаторите. Работното опкружување во многу случаи не го препознава нивниот личен и професионален товар, ниту пак ги обезбедува неопходните ресурси за да се справат со психолошките последици на нивната работа.

Понудената поддршка од институциите, особено од донаторите, е многу краткотрајна и во некои случаи се сведува на еднократна психолошка помош, која не решава долгорочни проблеми со кои се соочуваат активистките. Проблемите не се соодветно адресирани и механизми за заштита се декларативни, но не функционални. Во многу случаи тие се изложени на психолошки и физички последици од својата работа, кои не се пријавуваат и не се решаваат на соодветен начин.

За жал, понекогаш работните услови во невладиниот сектор дополнително ја отежнуваат нивната работа. Недостатокот на ресурси и поддршка за активистките ја зголемува нивната изложеност на стрес и ментални заболувања, а недостатокот на структурирана помош од страна на институциите ја продлабочува нивната ранливост.

*„Кај нас не беше (доволна психолошката помош). За психо-социјална поддршка, јас би сакала да ја имам таа можност, да посетувам психолог за да си го заштитам своето психолошко здравје, но ние тука немаме можност. Кај нас сѐ се знае. Ја немаш таа приватност, ја немаш можноста да си го дозволиш тоа бидејќи потоа цел град ќе знае и ќе знае зошто си бил на психолог или психијатар. Таа целокупна психолошка поддршка не е доволна, и вака јавна ние што ја имавме.“ (код: БЧП004, бранителка на човекови права, јануари 2025)*

*„Имаше еден донатор во XXX, што имаше искуство со овие прашања, кој понуди да даде некој ад-хок грант мал, или нешто од постојните проекти да се пренамени, пред сѐ за психолошка поддршка за луѓето кои се најизложени во организацијата. Добро е тоа да постои, но имам чувство дека грижата за вработените е пресудна за тоа дали во организацијата таа можност ќе се искористи или нема да се искористи. Ние имавме можност, но во ниеден момент не се седна да се направи план, не заради мене, туку општо за да го имаш како*

*план. Проблемот е покомплексен. Од една страна е дали имаш или немаш донаторска поддршка, а од друга страна и да имаш донаторска поддршка прашање е колку се вреднува, и колку високо котира грижата за вработените во самата организација за да тие пари после се преточат во конкретни активности и конкретна поддршка. Лично, најголема поддршка имам добиено од личниот психолог кој лично, сама си го плаќам. Човек ќе се снајде, но на организациско ниво, прашање е во самата организација колку има слух за тоа, што во голема мера се должи на на големиот обем на работа. Едноставно толку многу работи има, но пошто сите се во survival mode, во burn-out или близу burnout mode, и пошто сите само така знаат да функционираат - тогаш не се придава многу значење за ова, сѐ додека некој не излета од центрифугата и тогаш можда ќе се сменат некои работи.“ (код: БЧП005, борка за човекови права, јануари 2025)*

*„Не е доволно (да имаш психолошка помош) зашто е краткотрајно. Ние имавме поддршка од XXX во однос на вработените лица кои се изложени, но тоа не беше посебна поддршка, туку беше ставено во проект и ние да го буџетираме. Е сега, дали да буџетираш за активности, дали да буџетираш за психолошка поддршка за вработените? Тука е тој момент. Ние имавме многу малку средства.“ (код: БЧП002, борка за човекови права, јануари 2025)*

**Новинарките и истражувачките** кои се занимаваат со деликатни теми, како што се правата на жените, ЛГБТИК+ правата и насилството, се соочуваат со сериозни проблеми на институционално ниво. Од една страна, синдикатите и новинарските здруженија формално нудат поддршка, но во пракса таа е недоволна и често не може да се справи со реалните проблеми на терен. За разлика од нивните машки колеги, кои имаат поголема поддршка и сè уште се во доминантни позиции, новинарките и истражувачките активистки се изложени на постојан притисок, особено ако се занимаваат со теми кои не се сметаат за „сериозни“ од нивните машки колеги.

Во многу случаи, новинарките се соочуваат со недостиг на поддршка не само од колегите, туку и од сопствените организации. Нивните колеги често гледаат на темите поврзани со родовата еднаквост, сексуалната насилност и ЛГБТИК+ правата како на „женски прашања“ кои не заслужуваат нивно внимание. Ова ја влошува ситуацијата, бидејќи новинарките мораат да се борат не само против институционални пречки, туку и против системскиот отпор од своите колеги, кои не ја препознаваат важноста на нивните теми.

*„Нема веќе што да се направи, џабе си го трошите времето, нема ништо да се смени. (...) Они обично велат ова се ваши женски теми, вие занимавајте се со тоа, ние иаме побитни теми да се занимаваме со нив. Или, кога збориме дека имаме негативни коментари и тоа ни влијае на психо-физичко здравје, тие се као да, ама ние известуваме од војна и се бараме со корумпирани политичари, како мажите да ги застапуваат тие „машки теми“, На тоа тие гледаат како на нешто така, како да не е реална социјална тема со која треба и они да се занимаваат. Некако од луѓе шо сум сметала дека се малце поеволуирани и што јавно се претставуваат дека се, во поприватни разговори се покажува дека сеа вие жените таму, пишувајте за ЛГБТ и тепани жени, а ние со сериозните теми како корупција ќе се занимаваме.“ (код: НИ003, новинарка и истражувачка, јануари*

Ваквите работни средини создаваат чувство на изолација, бидејќи новинарките не добиваат поддршка од своите колеги или синдикати и се принудени да се справуваат со напади и омаловажувања сами. Доколку се истакнат нивните работи и ставови во јавноста, често се изложени на јавен линч, што ја влошува нивната професионална и лична сигурност.

# 5. ЕФЕКТИ И ОПШТЕСТВЕНА ФУНКЦИЈАНА ВОЗНЕМИРУВАЊЕТО И НА НАСИЛНОТО ОДНЕСУВАЊЕ

**Зајакнување на патријархалниот, хетеронормативниот поредок**

Дискурсите на вознемирувањето насочени кон бранителите на човекови права го зајакнуваат патријархалниот и хетеронормативниот поредок преку конструирање бинарна спротивставеност помеѓу она што е „природно“ и она што е „неприродно“. Наместо како бранители на човекови права, феминистките и квир активистите се портретирани како опасни агенти кои сакаат да го уништат семејството, детството, моралот и традицијата.

Овој наратив функционира преку генерирање **морална паника, оправдување на дискриминацијата и легитимирање на насилството** врз бранителите на човековите права, овозможувајќи родовата еднаквост и ЛГБТИК+ правата да се перцепираат како контроверзни теми, наместо како основни човекови права. Дополнително, тој функционира како механизам на социјална контрола, зајакнувајќи ја патријархалната и хетеронормативната доминација преку прикажување на секое отстапување од овие норми како егзистенцијална закана.

Портретирањето на бранителите на човековите права како нарушувачи на „природниот поредок“ служи за повисока цел, односно има поширока функција: ги зајакнува традиционалните хиерархиски системи (како патријархат и капитализам) и ја оправдува постојаната маргинализација на жените и ЛГБТИК+ луѓето.

Ова се постигнува преку:

- **Нормализирање на дискриминацијата**: Ако иницијативите за промоција на родовата еднаквост и ЛГБТИК+ правата се врамени како неприродни и опасни, тогаш противењето на овие права не е фанатизам, туку неопходен чин на морална одбрана.

- **Повторно потврдување на машката и хетеросексуалната доминација**: Ако традиционалните родови улоги се „природни“, тогаш секое движење за родова еднаквост е претставено како напад на машкоста, татковството (или родителството воопшто) и хетеросексуалните заедници и односи.

- **Создавање лојалност кон екстремно десните идеологии заснована на страв**: Преку позиционирање на родовата еднаквост и ЛГБТИК+ правата како егзистенцијална закана, овој дискурс ги турка луѓето кон авторитарни, патријархални и реакционерни идеологии кои ветуваат дека ќе ги „заштитат“ од социјален колапс.

**Замолчување и заплашување на активисти**

Низ истражувањето, увидовме дека јазикот во антиродовите реторики функционира така што создава страв и го одвраќа секој мотив или инспирација за јавен активизам на овие теми. Со други зборови, важна функција на вознемирувањето насочено кон бранителите на човекови права, особено феминистките и квир активистите, е да влее страв и да го обесхрабри јавниот политички и социјален ангажман. Преку таргетирани напади, кампањи за оцрнување на конкретни личности и/или организации и насилна реторика, антиродовите актери се обидуваат да создадат непријателска средина каде што бранителите на човекови права се чувствуваат небезбедни, дискредитирани и изолирани.

Ова систематско заплашување не се однесува само на поединечни активисти - тоа е специјално дизајнирано да има застрашувачки ефект врз пошироките прогресивни движења и иницијативи за човекови права, одвраќајќи ги другите да зборуваат или да се ангажираат во активизам. Па така, постојаното напаѓање на исти личности и организации нема за цел единствено да ги уништи овие поединци и здруженија, туку да ги опомене и уплаши сите останати дека доколку се одважат јавно да партиципираат преку активизам, ќе ја доживеат истата судбина.

Крајната цел на вознемирувањето не лежи само во замолчувањето на поединечни активисти, туку и во заплашувањето на цели заедници. Кога луѓето се сведоци на јавното омаловажување, закани и професионални последици со кои се соочуваат бранителите на човекови права, помала е веројатноста останатите луѓе:

- Самите да се вклучат во активизам, плашејќи се од сличен третман;
- Отворено да ги поддржуваат феминистичките и квир каузи, бидејќи тие се поврзуваат со опасност или контроверзија; и
- Да зборуваат гласно против дискриминацијата, бидејќи тишината станува побезбедна опција.

Ова колективно замолчување го гуши граѓанското општество, правејќи антиродовите сили да изгледаат како единствени пожелни и подобни, додека истовремено постепено се стеснува просторот за застапување на човековите права.

Дел од бранителите на човековите права веќе се во состојба да гледаат на вознемирувањето како на несреќна последица од вклучувањето во активизам. Сепак, истражувањето покажа **дека вознемирувањето е смислена стратегија за ослабување, задушување и делегитимирање** на социјалните прогресивни движења.

Преку создавање и одржување на атмосфера на страв и самоцензура, антиродовите групи забревтано и посветено работат на еродирање на отпорот, одржување на патријархалната и хетеронормативната доминација и осигурување дека прогресивните концепти како родова еднаквост и човекови права ќе останат широко препознаени како спорни и опасни.

**Делегитимизација на човековите права и демократските институции**

Една од значајните функции на антиродовите дискурси е делегитимирањето на концептот на човекови права и демократски институции, особено оние кои се залагаат за родова еднаквост и ЛГБТИК+ права. Оваа стратегија вклучува портретирање на државните тела за еднаквост, меѓународните механизми за човекови права и независните медиуми како корумпирани, елитистички и идеолошки управувани, позиционирајќи ги како непријатели на „народот“, наместо како бранители на демократијата и правдата. Преку постојани напади кон овие институции, антиродовите актери се обидуваат **да ја намалат довербата на јавноста, да ја уништат заштитата за маргинализираните групи и да ја консолидираат контролата врз јавниот дискурс.**

Преку одземање на легитимитетот на институциите како тела за еднаквост, здруженијата на граѓани и независните медиуми, антиродовите актери постигнуваат неколку долгорочни цели:

- **Слабеење на институционалната заштита за маргинализираните групи**: Доколку телата за еднаквост се дискредитираат, нивната способност да спроведуваат политики за антидискриминација, да го санкционираат говорот на омраза и да ги поддржуваат жртвите на насилство драстично се намалува.

- **Нормализирање на дезинформациите и потиснување на критичкото и истражувачко новинарство**: Како што опаѓа довербата, особено во традиционалните медиуми, екстремно десничарските, религиозните и конспиративните медиуми добиваат моќ, преобликувајќи го јавното мислење преку употреба на манипулативни наративи.

- **Нормализирање на авторитарно владеење**: Врамувајќи ги човековите права како елитистички, а институциите како корумпирани, антиродовите актери се залагаат за или ги оправдуваат правните и политичките мерки кои ја намалуваат заштитата на луѓето, особено ранливите групи, ја ограничуваат слободата на говорот и ја централизираат моќта.

Оваа стратегија не служи единствено за напад на концептите на родовата еднаквост и ЛГБТИК+ правата, туку и за поткопување на самите основи на демократското општество – **намалување на јавната одговорност, намалување на граѓанскиот простор и зацврстување на авторитарното, реакционерно владеење** оправдано преку наводниот отпор кон „идеолошката индоктринација“.

**Мобилизација на ново радикално движење на екстремната десница**

Истражувањата кои ги спроведувавме за подобро да го разбереме антиродовото движење покажаа дека исклучително важна функција на антиродовите дискурси е мобилизацијата на екстремно десничарско контра-движење, кое се позиционира како бранител на „тивкото мнозинство“ против наводно моќното и елитистичко малцинство (граѓанско општество, прогресивни медиуми, тела за еднаквост). Овој наратив служи за **легитимирање на нападите против родовата еднаквост и ЛГБТИК+ правата, зајакнување на традиционалните структури на моќ и создавање чувство на паника и мобилизација** врз основа на страв кај оние кои чувствуваат дека нивните вредности и начин на живот се под закана.

Мобилизацијата на екстремно десничарското контра-движење преку овие наративи има далекусежни последици за човековите права и демократијата:

- **Нормализација на говорот на омраза и политичкото насилство**: Со врамување на бранителите на човекови права како опасност и закана, антиродовите актери ја оправдуваат агресијата, онлајн вознемирувањето, па дури и физичките напади против активистите;

- **Задушување на институционалната заштита**: Бидејќи антиродовите иницијативи (вклучително и нападите и вознемирувањата кон бранителите на човекови права) се опишани како одбранбени наместо како дискриминаторски, властите се чувствуваат повикани и охрабрени да ги повлекуваат законите и политиките кои ги штитат правата на жените и ЛГБТИК+ луѓето, да ги ослабат телата за еднаквост и да го намалат финансирањето на иницијативите за човекови права;

- **Зацврстување на авторитарните и екстремно десничарските идеологии**: Со позиционирање на антиродовите актери како бранители на демократијата и напаѓањето на бранителите на човековите права, екстремно десничарските контра-движења обезбедуваат идеолошко алиби за авторитарното владеење и дискриминаторски политики.

Оваа стратегија успешно го претвора вознемирувањето и насилството кон бранителите на човекови права и граѓанското општество во прашање на легитимна демократска борба, а не на вознемирување и дискриминација.

Мобилизацијата на екстремно десничарските контра-движења нема за цел само спротивставување на феминизмот и ЛГБТИК+ активизмот – тоа е стратегија и тактика која има за цел преобликување на јавната перцепција, оправдување на политиките на маргинализација и исклучување и зајакнување на постојните хиерархии на моќ. Претставувајќи се себеси како „вистинско“ мнозинство кое е нападнато, антиродовите групи креираат оправдување за уништување на граѓанското општество, замолчување на бранителите на човекови права и одземање на веќе усвоени човекови права. Сето тоа додека тврдат дека ја бранат демократијата и слободата.

# 6. ЗАРАЗНОСТА ОД ЧУВСТВОТО НАДЕЖ

Во светот исполнет со неправда и системски предизвици, надежта се појавува не само како емоција, туку и како неопходен механизам за опстанок и напредок. Чувството на надеж не е пасивно чекање, туку активен и заразен процес кој може да ги инспирира луѓето да продолжат да се борат за своите права и да бараат промени во општеството.

Во прашалникот за поединци одговорите на прашањето „Што ти дава надеж во работата, дури и кога напредокот изгледа бавен или доживуваш неуспеси?“ покажуваат кои фактори ја инспирираат **надежта и упорноста** кај учесниците. Сите испитаници се согласуваат дека **малите успеси** и победи ги мотивираат да продолжат, верувајќи дека промени се возможни. **Поддршката** од колегите е важна за 70% од нив, а за 56.7% **тимската работа** е клучна. **Приказните на отпор и храброст** на другите луѓе инспирираат 53.3%, а **чувството на припадност во заедница** е важно за 40%. Надежта во **младите** и промените со **смената на генерациите** е изразена од 23.3%, додека сведочењето на претходните промени е важно за 20%. **Поголемата слика и личната желба** да се соочуваме со предизвици се важни за 16.7% од испитаниците.

Заклучокот од овие податоци е дека најголемиот извор на надеж и мотивација за учесниците е вербата во малите успеси и победи, кои ги уверуваат дека промени се возможни. Поддршката од колегите и тимската работа се исто така значајни фактори кои придонесуваат за нивната издржливост и продолжување на борбата. Приказните на отпор и храброс**т** на другите, како и чувството на припадност во заедница, имаат големо влијание врз нивната мотивација.

Од фокус групите, пак, може да се заклучи дека еден од најсилните извори на надеж за активист(к)ите е примерот на **оние што не се откажуваат**. Поединците и групите кои, и покрај доживеаните порази, продолжуваат да се борат за своите права. Тие кои не се задоволуваат со статус кво, туку постојано се борат, пријавуваат неправди, бараат помош и имаат доверба во борците за човекови права и нивните напори да го променат системот. Овие луѓе се пример за истрајност, што пренесува заразна енергија на оние што ги опкружуваат. Тие кои веруваат дека системот може и треба да профункционира, исто така, играат важна улога во ширењето на надежта. Иако реалноста често изгледа поинаку, постои убедување дека со правилна и упорна работа можат да се постигнат промени. Заедницата на оние кои се залагаат за исти или слични вредности продолжува да се шири, и ова единство е многу важно во предизвиците што произлегуваат од системските нееднаквости и неправди.

Надежта најчесто се раѓа од храброста и **истрајноста на жртвите** кои се спротивставуваат на неправдите што ги доживуваат. Иако тие често се соочуваат со големи пречки и тешкотии, нивната способност да останат на патот на правдата, без да попуштат, може да инспирира други и да создаде синергии кои се неопходни за еден поквалитетен живот. Така, посебен извор на надеж се отсекогаш и новите генерации кои се освестени за тековните проблеми и се подготвени да се борат за подобра иднина. Тие се гледаат како носители на нови идеи и иновации и нивната свесност за важноста на борбата за човекови права и социјална правда создава чувство на оптимизам за иднината.

Невозможно е да се не забележи и важноста на **колективната грижа и градењето на заедница** која се активира во време на кризи. Токму тогаш се создаваат солидарност и поддршка која може да ја преобликува ситуацијата и да ја води заедницата кон значајни промени. Ваквите моменти откриваат колку важно е да се работи заедно и да се поддржуваат оние кои најмногу се потребни во кризни моменти.

*„Многу е важно силата да се наоѓа во организацијата, во заедницата. Значи, оттаму да се црпи тоа чувство дека колку и да сме, ние сме, заедно сме и тераме, како можеме, колку можеме. Затоа е многу битно тие некои начела на дејствување од типот на како се грижиме едни за други, како работиме, колку работиме, кога зиаме пауза, дали е доволно да земеш само два дена пауза или треба подолго. Тоа се по мене принципи кои мора во секој процес да бидат аплицирани, а не само кога е најтешко. Кога се распаѓа светот ми се чини дека луѓето се као ма што, ја сеа да одмарам, па нема шанси, сега е нели најбитно да се удри јако. Па уствари тогаш испаѓа дека е најбитно да ги следиш некои чекори кои треба однапред да бидат воспоставени. Ја така се обидувам духот да го држам, инаку ќе парализираме и ништо нема да направиме, а има цело време што да се прави. Во најмала рака да се држи и да се одржува таа заедница.“ (код: БЧП005, борка за човекови права, јануари 2025)*

*„Има една метафора. Вика - активизмот треба да биде како пеење во хор, во смисла дека додека едниот пее - другите зимаат воздух, за да може тие да пеат за кога овој првиот треба да земе воздух. За мелодијата да не се наруши. Затоа повторно се враќам на таа заедница и мислам дека тука лежи клучот и тука лежи решението за дел од невладините организации за како да ја градат и одржуваат таа заедница и како да се напредува полека. Нормално дека сакаме преку ноќ големи успеси, но дури и кога ќе ги добиеме, се чини дека ги праиме на сметка на заедницата која сме ја убрзале, а таа е уствари побитното што треба да се гради и одржува, отколку успехот.“ (код: БЧП005, борка за човекови права, јануари 2025)*

Понатаму, испитаниците изјавуваат дека л**окалните иницијативи** честопати им носат најголемо задоволство и радост, бидејќи во таквата работа гледаат моментални и суштински промени. Таквите акции тие ги сметаат за особено значајни за развојот на демократските процеси, особено затоа што потребите на луѓето на локално ниво се разликуваат драстично од оние кои живеат во централни подрачја.

Наспроти тоа, од голема важност за одржувањето на чувството на надеж е и потенцијалот на поголеми промени што се инспирирани од **глобалните протестни движења**. Во ерата на брза комуникација и интернет, многумина од испитаниците добиваат надеж и од помислата на можен домино-ефект од различни протести и борби кои може да инспирираат ло-кални мобилизации и да започнат големи промени, што не е така нереалисти-чна помисла. Надежта се раѓа и во мечтата и замислата на мали иницијативи кои ќе се прошират и ќе резултираат во системски промени.

Конечно, активистите веруваат дека кога противниците на човековите права почнуваат да користат **негативни реакции** или да се обидуваат да **дискредитираат** активистите, тоа често е знак дека нивните напори имаат реален ефект и дека работата што ја прават е навистина ефикасна и предизвикува вистинско влијание.

Освен сето ова, промените кои се потребни за подобрување на општеството не се случуваат преку ноќ. Преку **искуствата** на активистите и борците за човекови права, евидентна е потребата за вреднување на нивната трпеливост и издржливост. Текот на промените е бавен и често фрустрацијата може да го натера човекот да се запраша дали напорите вредат, иако секој знае дека без континуитет на отпорот, нема ниту напредок. Оттука, важна лекција е дека малите индивидуални победи, иако не се секогаш очигледни на прв поглед, имаат големо значење. Борбите што се водат секој ден, без оглед колку се мали, создаваат основа за поголеми промени и долгорочен успех. Ова исто така значи дека треба да се намалат очекувањата од брзи промени, но да се ценат сите оние чекори напред, дури и ако се мали.

*„Слушајќи за различни борби и фази низ историјата и на пошироко глобално и регионално ниво некако ми се освежи тоа чувство дека сите овие работи коишто денеска ги имаме како придобивки и ги уживаме некогаш нели се чинеле недостижни и некако тоа мене ми помага. Е вака, кога ќе се изгуби нешто за што многу си се борел, или преку ноќ ќе се смени нешто што било исклесано у камен до тогаш - некако јас лично се трудам да се окуражам дека е океј. Битно е дека е тоа дел од нормалниот тек на работите, но многу е важно дали јас, дали организацијата, дали секторот, дали движењето – да сме тука заради континуитетот, зашто отпор мора да постои. Тоа е нешто што мене ме храни.“ (код: БЧП005, борка за човекови права, јануари 2025)*

Последно, одредени испитаници/чки не можеа да си дозволат да размислуваат наназад кога беа запрашани кои успеси ги гледаат како дел од демократските придобивки или успеси што стојат зад денешниот прогрес што го имаме постигнато. Голем дел од нив се задржаа на одредени случувања и политики од последните две декади, односно на индивидуалниот личен и генерациски успех, но не се сетија на феминистичките, протофеминистичките и сродните влијанија на нивните претходнички и сè што го надминува нивниот животен век, делување и освестување. Оттука, може да се заклучи дека клучно за чувството на надеж е и **обновувањето на колективната меморија**, која има огромен потенцијал за обнова на емоционалните способности за **мечтаење и политичка имагинација.**

# 7. ПРЕПОРАКИ ЗА СТРАТЕШКО КОЛЕКТИВНО ДЕЈСТВУВАЊЕ

**Радикализација и проширување на темите**

Една од препораките што произлегоа од спроведените фокус групи беше радикализација на активизмот преку воведување и застапување на теми кои традиционално се сметаат за табуизирани. Овие теми често не се доволно видливи или се занемаруваат во јавните дискусии. Воведувањето на овие теми има за цел да ја зголеми нивната видливост и да ја подигне сензибилизацијата на јавноста. На овој начин се отвораат нови простори за размислување и дебата, што е основа за започнување на важни општествени промени.

Сепак, важно е да се внимава при застапувањето на чувствителни прашања. Фокусот мора да биде на заштита на безбедноста на засегнатите групи, кои можат да бидат подложени на ризици поради нивното активизирање и излагање на такви теми. Активистите треба да бидат свесни дека десничарските движења често користат радикални и агресивни методи, што бара стратешки одговори и проактивно позиционирање на активистичките групи.

**Отпор „на мала врата“ за стратешки влез во институциите**

Оваа препорака се однесува на намалувањето на очекувањата од институциите за нивната подготвеност за работа, особено во услови на нивна неефикасност. Иако може да се очекува дека институциите ќе бидат клучни за постигнување на позитивни промени, реалноста покажува дека тие често не се во можност да ги исполнат овие очекувања. Затоа, потребно е да се адаптираат стратегиите така што активистите ќе можат да продолжат со својата работа и со помалку поддршка од страна на институциите.

Прилагодувањето на начинот на комуникација е исто така важно. За да се обезбеди разбирање и поддршка, пораки треба да се сведат на поедноставно ниво, така што да бидат разбрани од сите засегнати страни. Овој пристап може да помогне да се создаде поширок консензус и да се постигне поголема ефикасност во комуникацијата со институциите, медиумите и пошироката јавност.

**Флексибилност и приспособливост**

Последно, флексибилноста и приспособливоста се клучни за успешно продолжување на активизмот. Стратегиите и тактиките треба постојано да се приспособуваат во зависност од околностите и промените на теренот. Во светот кој постојано се менува, стратегиите што биле ефективни во едно време можеби ќе треба да се ревидираат и адаптираат во иднина.

Одржувањето на колективната меморија е важно, како и искористувањето на успешни примери од минатото. Овие примери можат да се користат како основа за развој на нови пристапи и методи кои ќе бидат успешни во тековните околности. Тестирањето на нови методи на активизам е исто така неопходно за да се откријат најефикасните начини за дејствување во специфични ситуации.

Проценката на капацитетите на активистите и нивниот потенцијал за справување со предизвиците е важен елемент во развојот на стратегиите. Без разлика дали се нови или искусни активисти, важно е да се знае кои се нивните можности и на кој начин можат да се вклучат во различни аспекти на борбата за човекови права.
Конечно, мобилизацијата на нови активисти е клучна за одржување на континуитетот на борбата. Без нови генерации кои ќе продолжат да се борат, активизмот може да остане затворен во една временска рамка, а новите генерации на борци за човекови права ќе се соочуваат со проблем на одново учење на грешките. Вклучувањето на нови активисти ќе го обезбеди процесот на борба да остане жив и да не се претвори во изолиран настан. Овој континуитет на делување ќе создаде нови можности и ќе овозможи поголем успех во постигнувањето на целите.

# 7.1 ПРЕПОРАКИ ЗА ИНСТИТУЦИИТЕ И ЗА ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР

- Развој на сеопфатен протокол за заштита на безбедноста на борките за човекови права, вклучително и за оние кои работат индивидуално, надвор од организациски структури;

- Воспоставување на постојан и одржлив механизам за заштита на психолошкото здравје на активистките;

- Обезбедување на соодветна правна и институционална поддршка за борките за човекови права, со цел да се минимизираат ризиците поврзани со нивната работа;

- Поддршка во создавање политики и програми кои ќе промовираат подобри работни услови за активистките, вклучувајќи пристап до психосоцијална поддршка и сигурни работни средини; и

- Поттикнување на меѓуинституционална соработка за унапредување на правата и за заштитата на борките за човекови права.

# 7.2 ПРЕПОРАКИ ЗА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ И (НЕ) ФОРМАЛНИТЕ КОЛЕКТИВИ КОИ СЕ ЗАНИМАВААТ СО ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

- Подигнување на свеста и организирање едукации за потенцијалните психолошки и физички последици од работата во секторот;
- Воспоставување на интерни механизми за заштита на вработените и членките од негативните ефекти на активизмот;
- Имплементација на системи за внатрешна ротација на работните задачи и промена на работната средина, со цел да се намали психолошкиот и физичкиот товар;
- Поттикнување на вработените и членките на организацијата да воспостават јасни граници помеѓу професионалниот и приватниот живот, во согласност со законските регулативи;
- Изработка на комуникациски план кој јасно ќе ги дефинира можните последици од работата и ќе овозможи транспарентност во однос на ризиците;
- Развивање стратегии за подобрување на физичкото и менталното здравје на активистките, со користење на сите достапни ресурси и создавање нови механизми за поддршка;
- Создавање заедници засновани на колективна грижа, наместо административно поврзани професионалци;
- Јасно дефинирање на идеолошките и вредносните насоки на организациите;
- Поттикнување на колективно и споделено дејствување како основа за одржлив активизам; и
- Развивање стратегии за справување со прегорувањето и неговите последици.

# 7.3 ПРЕПОРАКИ ЗА БРАНИТЕЛ(К)ИТЕ НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

- Јасно дефинирање на границите во работата, вклучувајќи што е во рамките на нивните надлежности и што е надвор од нивна контрола;
- Воспоставување на минимум граници меѓу професионалниот и приватниот живот за одржување на личната благосостојба;
- Проценка на личните капацитети за работа со жртви и, доколку е потребно, пренасочување кон други форми на активизам (стратешко делување, законодавни иницијативи и сл.);
- Потсетување дека, иако не можат да го променат целиот свет, можат значително да го подобрат животот на одредени луѓе;
- Усвојување на парадигма на самоодржливост, наместо прекумерна самопожртвуваност што може да доведе до burnout;
- Зајакнување на мрежите за меѓусебна поддршка за полесно справување со предизвиците;
- Активна мобилизација и поддршка на нови генерации активистки кои ќе ја продолжат борбата; и
- Останување доследни и трпеливи во својата работа, имајќи предвид дека општествените промени доаѓаат постепено.

# Заклучно резиме

Анализата за таргетирањето и вознемирувањето на бранителите на човекови права, особено на феминистките и ЛГБТИК+ акти-вист(к)ите, покажува загрижувачка тенденција на организирани напади насочени кон дискредитација, заплашување и исклучување на овие индивидуи и групи од јавниот дискурс. Истражувањето покажа дека овие напади не се спонтани, туку претставуваат дел од координирани стратегии насочени кон поткопување на прогресивните вредности, родовата еднаквост и демократските процеси.

**Главни наоди на анализата**

Истражувањето откри дека вознемирувањето и насилството функционираат како политичка алатка со јасни цели: делегитимирање на бранителите на човекови права, зајакнување на патријархалните и хетеронормативните структури и создавање клима на страв и самоцензура. Овој феномен се манифестира преку различни облици на малтретирање, вклучувајќи дискредитација преку медиумите, онлајн напади, закани по безбедноста, правни притисоци и институционално исклучување.

Еден од најзначајните наоди е дека таргетирањето не е случајно, туку насочено кон специфични актери:

- **Бранители на човекови права и граѓански организации**, кои се прикажани како корумпирани агенти што работат против „традиционалните вредности“.
- **Политичари и политички партии**, особено оние кои поддржуваат родова еднаквост и ЛГБТИК+ права.
- **Државни институции и тела за еднаквост**, кои се напаѓани за наводна поддршка на „странски агенди“.
- **Медиуми и новинари**, кои известуваат позитивно за човековите права и родовата еднаквост.

**Дискурзивни стратегии на вознемирување**

Анализата идентификуваше четири главни стратегии кои ги користат анти-родовите групи за да создадат непријателски наративи:

1. **Морална паника и конструкција на закани** – Бранителите на човекови права се претставени како закана за децата, семејството и националниот идентитет.

2. **Делегитимизација и стереотипизација** – Користење на навреди и дискредитирачки етикети како „платеници“ и „радикални идеолози“.

3. **Популистичко и антидемократско врамување** – Прикажување на активистите како елита која наметнува туѓи вредности врз мнозинството.

4. **Мизогини, хомофобични и трансфобични наративи** – Користење на сексистички и дискриминаторски јазик за да се ослабне легитимноста на активистите.

**Облици на вознемирување и насилство**

Вознемирувањето и насилството се манифестираат на различни начини:

- **Онлајн напади и кибер-булинг** – Говор на омраза, доксинг (споделување лични податоци) и координирани кампањи за дискредитација.

- **Физички закани и демнење** – Бранителите на човекови права добиваат директни закани за физичко насилство.

- **Институционални притисоци и економско насилство** – Оневозможување на пристап до институции, правни закани, финансиски санкции.

- **Изолација и маргинализација** – Исклучување од јавниот дискурс и намалување на социјалните мрежи на поддршка.

**Последици од вознемирувањето и насилството**

Последиците од овие форми на насилство се длабоки и далекусежни:

- **Психолошки последици** – Хроничен страв, анксиозност, депресија и посттрауматско стресно нарушување (PTSD).

- **Физички последици** – Прегореност, несоница, високи нивоа на стрес што доведуваат до сериозни здравствени проблеми.

- **Социјални последици** – Изолација, губење на пријателства, стеснување на просторот за поддршка.

- **Институционални последици** – Намалување на демократскиот простор и ослабување на човековите права.

**Препораки за заштита и спротивставување**

Со цел да се спротивстави на оваа негативна тенденција, потребни се конкретни мерки:

- **Јакнење на институционалната заштита** – Создавање на механизми за правна заштита и сигурност на бранителите на човекови права.

- **Онлајн заштита и едукација** – Развивање на алатки за препознавање и борба против сајбер булинг и говор на омраза.

- **Јавна поддршка и солидарност** – Зголемување на видливоста и поддршката за прогресивните движења.

- **Градење на сигурни простори за активистите** – Создавање заедници и мрежи за поддршка кои ќе им помогнат да се справат со стресот и притисокот.

Истражувањето покажува дека вознемирувањето и насилството врз бранителите на човекови права не е само изолиран феномен, туку дел од поширока стратегија за поткопување на човековите права и демократијата. Овие напади создаваат насилна средина на страв и несигурност, која доведува до самоцензура и отежнување на активизмот.

Сепак, ова не значи дека отпорот е невозможен. Напротив, со соодветни мерки, солидарност и стратегиска организација, може да се намали негативното влијание на овие напади и да се обезбеди посигурна и поправедна средина за сите што се борат за човекови права.

# ПРИЛОЗИ

## ПРАШАЛНИК ЗА ПОЕДИНЦИ
## ЗА БЕЗБЕДНОСТА НА БОРКИТЕ/ЦИТЕ НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

Со пополнување на овој Прашалник придонесуваш кон собирање на повеќе клучни наоди потребни за пишувањето на Извештајот за обемот и формите на штетните делувања и нападите против борките/ците на човековите права и професионалците со сродни влијанија.

Во овој Прашалник, заинтересирани сме за твоите искуства од изминатите четири години. Ограничувањето на овој временски период ќе ни помогне да ги разбереме неодамнешните трендови и согледувања.

Извештајот е поддржан од проектот „Empowerment, Safety, and Resilience: Fostering unity and coalitions for gender equality and LGBTQI+ rights“ и е спроведуван од Коалиција Маргини, во партнерство со The Kvinna till Kvinna Foundation, финансиран од Foreign, Commonwealth and Development Office (FCDO).

## СОГЛАСНОСТ ЗА УЧЕСТВО

**1. Согласен/на сум да учествувам во пополнувањето на овој Прашалник и дека сум соодветно информиран/а за неговите намени.**

√ Потврдувам

**2. Во Прашалникот ќе дадам точни и вистините податоци согласно моите знаења, искуства и перцепции.**

√ Потврдувам

**3. Дозволувам податоците што ќе ги споделам во одговорите на овој Прашалник да се анализираат и цитираат под измислено име или шифра. Согласен/на сум да споделам лични податоци достапни само за авторките на Извештајот, и ги задолжувам тие подоцна во Извештајот соодветно да ги анонимизираат.**

√ Потврдувам

## ДЕМОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

**4. Име и презиме**

**5. Шифра под која ќе се заведат и анонимизираат твоите одговори**

**6. На која возрасна граница ѝ припаѓаш?**

Под 18 години
18 - 24 години
25 - 34 години
35 - 44 години
45 - 54 години
55 - 64 години
65 - 74 години
75 и над години

**7. Која е твојата родова идентификација?**

жена
маж
трансродова жена
трансродов маж
родово небинарно лице
квир
родово не се идентификувам
не сакам да споделам
друго

**8. Која е твојата професионална идентификација?**

борка/ец за човекови права
давател/а на услуги
адвокат/ка
член/ка на граѓанска организација
друго

**9. Каде делуваш професионално?**

Берово
Битола
Богданци
Валандово
Велес
Виница
Гевгелија
Гостивар
Дебар
Делчево
Демир Капија

Демир Хисар
Кавадарци
Кичево
Кочани
Кратово
Крива Паланка
Крушево
Куманово
Македонски Брод
Македонска Каменица
Неготино
Охрид
Пехчево
Прилеп
Пробиштип
Радовиш
Ресен
Свети Николе
Скопје
Струга
Струмица
Тетово
Штип
делувам на национално ниво
друго

## ПРИРОДА НА РАБОТА

**10. Која е главната работна основа поради која си бил/а вознемируван/а или нападнат/а?**

застапување за женски права

застапување за ЛГБТИК прашања

застапување за трансродови прашања

заштита и спречување на родово засновано насилство

застапување во случаи на семејно насилство

работа со сервиси за жени

работа со сервиси за ЛГБТИК

работа со сервиси за трансродови лица

работа со сервиси за сексуални и репродуктивни права

друго

## ИСКУСТВА НА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ И НАСИЛСТВО

**11. Имаш ли искусено каков било облик на вознемирување и/или насилство поради природата на твојата работа во последните 4 години?**

Да

Не

**12. Каков облик на вознемирување и/или насилство имаш доживеано поради природата на твојата работа? Одбери ги сите важечки одговори.**

Бев онлајн вознемируван/а (со сајбер булинг, закани, итн.)

Искусив различни тактики на заплашување

Искусив доксинг (јавно беа споделени мои приватни информации за уцена или изнуда)

Бев вознемирувана во живо (луѓето зјапаа во мене, ми свиркаа, дофрлуваа, коментираа, ме пцуеја или ми го попречуваа патот)

Добивав закани во живо (дека ќе ме повредат, сексуално нападнат или силуваат)

Бев демнеен/а

Правно ми се закануваа и/или преземаа правни акции против мене

Имав оштета на имот и/или друга материјална штета

Бев физички нападнат/а (со удари, скубење, туркање, шамари, итн.)

Бев сексуално нападнат/а

Бев силуван/а

Немам искусено вознемирување и/или насилство поврзано со мојата работа во последните 4 години.

друго

## СТОРИТЕЛИ

**13. Кои биле сторителите во случаите кога си искусил/а вознемирување и/или насилство поради природата на твојата работа? Одбери ги сите важечки одговори.**

владини службеници

претставници на локалните власти

претставници на верски заедници

претставници на јавните институции (вработени во министерствата, просветни работници и стручни

служби во образование, здравствени службеници, социјални работници, полициски служебници,

вработени во тела за заштита на човековите права, итн.)

индивидуалци (познати или непознати)

новинари и влијателни личности во јавната комуникација

организирани групи (антиродови здруженија како: Преземи одговорност, Коалиција за заштита на децата, Родителски фронт, итн.)

членови на семејство на клиенти и лица кои ги застапуваат

друго

## ИНСТИТУЦИОНАЛЕН ОДГОВОР

**14. Дали ги пријави случаите на вознемирување и/или насилство до одредени институции, тела за еднаквост или професионални комори на кои припаѓаш?**

Да

Не

**15. Каде ги имаш пријавено случаите во кои си доживеал/а вознемирување и/или насилство? Одбери ги сите важечки одговори.**

Министерство за внатрешни работи и/или полиција

национални механизми за заштита на човекови права (Комисија за спречување и заштита од дискриминација, Народен правобранител, и сл.)

судство и Јавно обвинителство

Совет за етика во медиуми

професионални комори (Лекарска комора, Адвокатска комора, Комора на психолози, итн.)

друго

**16. Како би го оценил/а одговорот што го доби од првата институција каде пријави насилство и/или вознемирување?**

Многу задоволително

Задоволително

Неутрално

Незадоволително

Многу незадоволително

друго

**17. Како би го оценил/а одговорот што го доби од втората институција каде пријави насилство и/или вознемирување?**

Не пријавив во друга институција

Многу задоволително

Задоволително

Неутрално

Незадоволително

Многу незадоволително

**18. Како би го оценил/а одговорот што го доби од третата институција каде пријави насилство и/или вознемирување?**

Не пријавив во друга институција

Многу задоволително

Задоволително

Неутрално

Незадоволително

Многу незадоволително

**19. Со кого го сподели твојот проблем?**

невладина организација

меѓународна организација

работодавец

семејство и/или блиски пријатели

психолог

лекар

поширока јавност (објавив во медиумски портали/дадов изјава, споделив на социјални мрежи)

не споделив со никого

друго

## ПОСЛЕДИЦИ ОД ВОЗНЕМИРУВАЊЕТО И/ИЛИ НАСИЛСТВОТО

**20. Какви лични последици имаш од доживеаното вознемирување и/или насилството во последниве 4 години? Одбери ги сите важечки одговори.**

психичка болка (повреда на достоинство, страв, траума, итн.)

физичка повреда

финансиски товар (зголемени трошоци или загуба на финансии)

зголемена грижа за сопствената безбедност

намалено внимание во професионалниот и приватниот живот

анксиозност

депресија

недоверба во луѓето

автоцензура (не се впуштам во јавни разговори на темите кои ги застапувам)

друго

**21. Како вознемирувањето и/или насилството влијаеа на твоето семејство? Одбери ги сите важечки одговори.**

Настаните им донесоа јавен срам

Ги намалија нивните социјални контакти поради мене

Стравуваа за мојата безбедност

Стравуваа за сопствената безбедност

Се оддалечивме едни од други

друго

**22. Како вознемирувањето и/или насилството ѝ влијаеа на твојата работа во изминатите четири години? Одбери ги сите важечки одговори.**

Имам стрес поради намален фокус и потешкотија да ги завршам работните обврски

Имам потреба од дополнителни безбедносни мерки на работа

Меѓучовечките односи на работа ни се нарушија

Сакам да променам работа

Не сакам повеќе да се занимавам со тоа што го работам и сакам да ја променам својата професија

Променив работа или професија

друго

**23. Што те мотивира да продолжиш со твојата работа, покрај предизвиците, вознемирувањето и/или насилството со кое се соочуваш сега или во минатото? Одбери си сите важечки одговори.**

Чувството на правда и правичност кое не ме напушта

Чувствувањето лутина заради општествените нееднаквости и неправди

Чувството на одговорност да дадам глас на оние кои се угнетени и безгласни

Чувството што го имам кога сум дел од пошироко движење на луѓе со кои делам вредности

Се чувствувам добро кога помагам на други

Несебичната грижа за благосостојба на другите

Личната упорност и истрајност во сопствените намери

Личниот оптимизам дека ситуацијата сепак на крајот ќе се промени

Малите успеси и промени кои ги сведочам

Охрабрувањето од заедницата со која делам вредности

Признанието од другите дека мојата работа е доблесна и општествено значајна

Професијата која ми дава можност за развој, напредување и промени

друго

**24. Што ти дава надеж во работата, дури и кога напредокот изгледа бавен или доживуваш неуспеси? Одбери ги сите важечки одговори.**

Малите успеси и победи кои ме уверуваат дека промени се возможни

Приказните на отпор и храброст на другите луѓе

Поддршката од колегите и сојузниците што ме уверува дека не сум сам/а во оваа борба

Вербата во моќта на колективното делување

Чувството на припадност во заедница

Сведочењето на промените наназад и придонесот кој сме го направиле досега

Поголемата слика

Вербата во младите и очекувањето на промената со смената на генерациите

Личната желба да се соочувам со предизвици и тешки борби

друго

## ДОПОЛНИТЕЛНИ КОМЕНТАРИ

**25. Дали има нешто друго што би сакал/а да го споделиш од твоето искуство?**

**26. Имаш ли конкретни препораки за лично, колективно или институционално справување со вознемирувањето и/или насилството врз поборниците за човекови права?**

**27. Доколку познаваш други лица кои работат како борки/ци за човекови права и имале искуство кое можат и сакаат да го споделат преку овој Прашалник, остави ни нивни контакт електронски адреси.**

## ПРАШАЛНИЦИ ЗА ФОКУС ГРУПИ

**ТЕМАТСКА ФОКУС ГРУПА 1**
**Адвокатки и правни советнички/ци**
Времетраење: 1 час

**1. Дали е важно да се воспостави граница меѓу професионалното и приватното во вашата работа?**

a. Дали вие можете да воспоставите граница помеѓу професионалното и приватното во вашата работа?

b. Зошто да, и зошто не?

**2. Дали извршувањето на вашата работа, особено во контекст на активистичкиот аспект (работењето на случаи поврзани со родово базирано насилство, семејно насилство, итн.), е возможно без последици**?

a. Ако не, кои се најчестите последици со кои се соочувате?

**3. Какво е вашето искуство со државните службеници кога пристапувате до институции како што се полициски станици, јавно обвинителство или судови?**

a. Се чувствувате ли почитувани и ценети?

**4. Дали сте се соочиле со индиректно вознемирување, насилство или дискриминација поради застапувањето на клиенти од маргинализирани групи?**

a. Ако да - како тоа влијаеше на вас?

**5. Како се справувате со ситуациите кога резултатите од вашата работа со жртви се губат заради пробив на конзервативни** наративи?

a. Колку лично ги доживувате колективните неуспеси или порази? Дали мислите дека е возможно да се остане емотивно дистанциран?

b. Дали чувствувате поддршка во тешки моменти, или напротив, се чувствувате осамено?

**6. Што според вас претставува „линијата на демократски придобивки“?**

a. Кои се’ претходни успеси се дел од таа линија?

**7. Кои позитивни промени од минатото ви даваат надеж за иднината?**

**ТЕМАТСКА ФОКУС ГРУПА 2**
**Новинарки и истражувачки**
Времетраење: 1 час

**1. Дали е важно да се воспостави граница меѓу професионалното и приватното во вашата работа?**

a. Дали вие можете да воспоставите граница помеѓу професионалното и приватното во вашата работа?

b. Зошто да, и зошто не?

**2. Има ли разлика меѓу новинар истражувач, наспроти бранител на човекови права?**

a. Ако да, која е разликата?

b. Ако не, зошто нема?

**3. Дали извршувањето на вашата работа, особено во контекст на активистичкиот аспект, е возможно без последици?**

a. Ако не, кои се најчестите последици со кои се соочувате?

**4. Како професионалните здруженија, колективи и асоцијации ги заштитуваат новинарките, истражувачките и професорките кои се бават со овие темите поврзани со родот, родовата еднаквост и различност?**

a. Сте имале ли ситуација во која сте останале незаштитени од страна на вашите колеги од истата професија?

i. Ако да, зошто мислите дека не застанале на ваша страна?

**5. Каде вие го лоцирате почетокот и како ја перципирате линијата на развој на родовата еднаквост и човековите права на ЛГБТИК?**

a. Кои се’ претходни успеси се дел од таа линија?

**6. Кои позитивни промени од минатото ви даваат надеж за иднината?**

**ТЕМАТСКА ФОКУС ГРУПА 3**
**ОПШТА**
Времетраење: 1 час

**1. Дали е важно да се воспостави граница меѓу професионалното и приватното во вашата работа?**

a. Дали вие можете да воспоставите граница помеѓу професионалното и приватното во вашата работа?
b. Зошто да, и зошто не?

**2. Дали извршувањето на вашата работа, особено во контекст на активистичкиот аспект, е возможно без последици?**

a. Ако не, кои се најчестите последици со кои се соочувате?

**3. Дали здруженијата, колективите и асоцијациите кои се бават со човекови права и генерално работат во граѓанскиот сектор ве заштитиле и биле солидарни со вас кога сте биле нападнати и/или вознемирени? (водени од претпоставката изведена од Прашалникот за поединци дека се повикани на фокус група бидејќи имале одреден случај на насилство и вознемирување)**

a. Чувствувате ли генерациски јаз во разбирањето на борбата за човекови права меѓу вашата генерација и новите или постарите генерации? Ако да, на што мислите дека се должи тоа? Објаснете.

**4. Како се справувате со ситуациите кога резултатите од вашата работа се поништуваат или се губат за краток период?**

a. Колку лично ги доживувате колективните неуспеси или порази? Дали мислите дека е возможно да се остане емотивно дистанциран?

b. Дали чувствувате поддршка во тешки моменти, или напротив, се чувствувате осамено?

**5. Дали имате поддршка од страна на семејството (со кое сте или не сте биолошки поврзани)?**

a. Ако да, како е таа изразена?

б. Ако не, на што се должи тоа?

**6. Дали имате поддршка од страна на донаторите?**

a. Ако да, како е таа изразена?

б. Ако не, на што се должи тоа?

**7. Што според вас претставува „линијата на демократски придобивки“?**

а.Кои се’ претходни успеси се дел од таа линија?

**8. Кои позитивни промени од минатото ви даваат надеж за иднината?**

**9. Дали имате некакви препораки?**

*Скопје, 2025*